*Христо Андонов-Полјански*

# ТРГОВИЈАТА И ПЛОВИДБАТА ПОМЕЃУ РИЈЕКА И ТУРЦИЈА ВО ВТОРАТА ПОЛОВИНА НА XIX ВЕК*

## I. ВНОСНАТА ТРГОВИЈА

### *1. Општи податоци за трговијата на Ријека со Турција*

Најголем израз развитокот на трговските врски помеѓу Ријека и Турција, имал во нивната меѓусебна вносна и извозна трговија. В суштина преку анализата на оваа трговија возможно е да се констатира конкретната трговска размена во целина и во детали. Од друга страна, со тоа се одбележува најзначајното во ријечко-турските трговски врски.

Материјали за ријечко-турскита вносна и извозна трговија наоѓаме предимно во „Извештаите" на ријечката Трговска комора. За начинот како податоците се прибирале за овие „Извештаи", наидуваме на некои индиции во фондовите на Трговската комора. При тоа наидовме на некои печатени формулари за статистички прегледи, како за вносот, така за извозот, кои биле должни да ги пополнуваат вносно-извозните претпријатија на Ријека. Меѓутоа, такви материјали не се сочувани за сите години, веројатно е дека биле по регистрирањето уништувани. Важното е во тоа, што тие материјали се регистрирани во споменатите „Извештаи" на ријечката Трговска комора. Во „Извештаите", од 1853—1900 година (некои годишта не се комплетни), забележивме дека од 1853 до 1872 година дадена е само општата вредност на внесената и извезената стока, а од 1872 до 1879 година количината и вредноста на општата вносна и извозна трговија на Ријека со Турција. Дури од 1879 до 1900 година даден е преглед, како на вкупниот внос и извоз во целина, и во детали, но без означување вредноста на последните.

---

* Овој прилог претставува продолжение на работите: „Основите на трговските врски помеѓу Ријека и Турција" (Год. зборник 15 (1963), 133—185; и „Условите и системот на трговската организација во трговските врски помеѓу Ријека и Турција" (Год. зборник 16 (1964), 45—90).

За одбележување точниот биланс, како на вносот, така и на извозот, во целина и во детали, наидовме на некои важни материјали и во фондовите на риjечката Поморска област. Се работи за неколку необјавени досега прегледи на риjечко-рускиот внос и извоз од 1875 до 30 јуни 1894 година, изработени по налог на унгарската влада. Унгарското министерство за трговија со писмо од 27 септември 1894 година, упатено до Поморската област во Риjека, барало да му се испрати преглед на риjечко-турскиот внос и извоз[1]). Во истата смисла до риjечката Поморска област се обрнал и унгарскиот статистички уред со писмо од 18 октомври 1894 година[2]). Врз база на објавените „Извештаи" од Трговската комора, како и со материјали од други извори, Поморската област ги изработила бараните прегледи за риjечко-турскиот внос и извоз и ги испратила на 25 октомври 1894 година на унгарското министерство за трговија и на унгарскиот статистички уред[3]). Прегледите се состојат од неколку групи, во кои е изнесен вносот и извозот по етапи. Првата група се однесува за риjечко-турскиот внос и извоз од 1875 до 1889 година[4]), а втората од 1890 до 30 јуни 1894 година[5]). Од овој преглед наидовме и на втор примерок за вносот и извозот од 1890 до 30 јуни 1894 година испратен од риjечката Поморска област на унгарскиот статистички уред[6]).

Прегледов на овие важни материјали, како и на другите поврзани со ова прашање, дава можност да го утврдиме точниот биланс на риjечкиот вноз и извоз во целина и во поединости. Според дадената количина и вредност, ја израчунавме и цената за секој одделен артикал.

## *2. Преглед на вкупната вносна трговија на Риjека со Турција*

Брзиот индустриски развиток на Риjека, нужно ја изискувал потребата од обезбедување извори на суровини. Такви суровини Риjека нашла и во Турција. Освен тоа риjечкото стопанство имало потреба не само од суровини, што биле нужно потребни за индустријата, туку и од такви турски производи, што биле првенствено потребни и за риjечкиот пазар.

Риjечката вносна трговија со Турција се карактеризирала со разновроност во размената на артиклите. На прво место секако за одбележување била потребата за турски земјоделски производи (пченица, пченка, јачмен и друго), за кои имало интерес и се набавувале во знатни количини. На второ место стоеле турските индустриски

---

[1]) DAR. P. O., № 5707, 25-X-1894.
[2]) DAR. P. O., № 6175, 19-X-1894.
[3]) DAR. P. O., № 5707, 25-X-1894.
[4]) Точниот наслов гласи: „Fiumei és Törökszág közotti arúforgalom kimutatása a legutóbbi 15 évzöl Vagyis 1875—1889 évékzöl (DAR. P. O., № 5707, 25-X-1894).
[5]) Точниот наслов гласи: „Fiumébál Törökozszágba 1890-tát 1894. június-hó 30-tig kivitt áruk kimutatása (DAR. P. O. № 5707, 25-X-1894).
[6]) Точниот наслов гласи: „Fiume és a Törökszgá közotti áruforgalom 1890-évzol 1894 június-hó végéig. (DAR. P. O., № 6175, 19-X-1894).

култури (тутун, памук, свила, суров лан и друго), од кои имале потреба некои гранки од ријечката индустрија. Од индустриските култури, нарочно тутунот, се набавувал во големи количини. На трето место би ги наспомнале турските сточни производи (кози, волна, рогови, коски, црева, желки и друго), кои биле доста барани во Ријека. Најпосле во размената доаѓале во предвид разни пијалоци, јажиња, вреќи, разни тревки, јужно овошје, јута, килими, пипер, индиго, руди и друго.

Бројот на овие вносни артикли не е бил секогаш константен. Особено при крајот на XIX век забележуваме знатно зголемување. Така, ако во 1879 година забележуваме дека бројот на вносните артикли изнесувал 14[7]), во 1883 година тој број изнечувал 18[8]), а во 1885 година опаднал на 10[9]). Дури од 1895 година натаму бројот на вносните артикли се зголемил и тоа како што следува:

1895:19[10])
1896:17[11])
1897:29[12])
1898:31[13])
1899:27[14])
1900:42[15])

Постепениот растеж на вносната трговија на Ријека со Турција го забележуваме и во нејзиниот вкупен преглед по одделни години. Во 1853 година вредноста на вкупниот внос од Турција изнесувала 533.815 форинти[16]), во 1867 година изнесувала 777.420 форинти[17]). По 1870 година количината и вредноста на вносот растела. Во 1872 година внесена била стока 5.594.344 кгр. во вредност од 976.985 форинти[18]). По десет години забележуваме знатно зголемување. Во 1884 година била внесена стока 30.280 центически метра во вредност од 1.183.141 форинти[19]). Меѓутоа, во последните години од XIX век забележуваме двојно и тројно зголемување на вносот на стока за разлика од претходните години. Прегледот е какошто следува:

---

7) Ra. 1879, 27—62.
8) Ra. 1883, 23—62.
9) Ra. 1885, 22—58.
10) Re. 1895, 49—109.
11) Re. 1896, 51—111.
12) Re. 1897, 51—141.
13) Re. 1898, 43—110.
14) Re. 1899, 53—154.
15) Re. 1900, 7—115.
16) Ra. 1853, 24.
17) Fiume Kikotojének, за 1867 (не е пагинирано).
18) Ra. 1872—1874, 23.
19) Ra. 1894, 11.

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1897:65.368 ц. м. | 1.350.013 ф. | [20]) |
| 1898:67.621 — | 3.570.385 — | [21]) |
| 1899:71.060 — | 7.600.096 — | [22]) |
| 1900:139.269 — | 10.986.906 — | [23]) |

Стоката првенствено се внесувала по море, а во незнатни количини и по суво. По море таа се вносувала од кораби под турско, австро-унгарско и друго знаме. Преносот се изведувал отпрвин само со едренaчи, а со време и со параплови.

Најповеќе стока се вносувала од Европска Турција, а потем од азискиот дел. За илустрација би навеле некои податоци од крајот на XIX век, во кои проличува дека навистина вносот преку Европска Турција бил поголем. Меѓутоа, во извесни години вносот по количина бил поголем и од Азиатска Турција, а вредноста на внесената стока била поголема секогаш од Европска Турција. Табеларниот преглед изгледал какошто следува:

| Дел на земјата | Врста на кораби | количина во 100 м. | | | вредност во круни | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1897 | 1898 | 1899 | 1897 | 1898 | 1899 |
| Европска Турција | парапл. | 32.035 | 26.904 | 28.250 | 5,384.770 | 5,945.838 | 6.261.127 |
| | едренач. | 6.148 | 4.419 | 1.196 | 385.066 | 40.208 | 15.340 |
| Азиатска Турција | парапл. | 26.929 | 35.214 | 43.761 | 930.160 | 1,154.724 | 1,323.629[24]) |

Од Европскиот дел на Турција најповеќе стока се вносувала од Солун, потем од Цариград и од останатите пристаништа. А од Азиатскиот дел најповеќе стока се вносувала од Смирна, потем од останатите пристаништа. Нарочно во последните години од XIX век забележуваме осетни разлики во вносот на стока од турските центри, но првенството од европските центри се паѓало на Солун, а од азиатските на Смирна. Дури вносот преку последново пристаниште било осетно поголемо во количина, одколку преку Солун. Табеларниот преглед на оваа сразмера на вносот од разните турски центри изгледал какошто следува;

---

[20]) Re. 1897, 23—24.

[21]) Re. 1898, 17.

[22]) Re. 1899, 17.

[23]) Re. 1900, 119—120.

[24]) Statisztikai Adatok 64—66.

| Дел на земјата | Од кое пристаниште | Внос | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 1896 | 1897 | 1898 | 1899 |
| | | количина во 100 м. | | | |
| Европ. Турција | Цариград | 3.533 | 2.303 | 3.831 | 1.589 |
| | Солун | 7.848 | 11.655 | 10.277 | 3.040 |
| | Др. пристан. | 23.957 | 24.239 | 18.191 | 24.827 |
| Азиат. Турција | Смирна | 20.285 | 24.097 | 31.620 | 38.466 |
| | Др. пристан. | 2.793 | 2.837 | 2.595 | 5.297[25]) |

Изнесениов општ осврт на вкупната вносна трговија на Ријека со Турција ги илустрира само општите поставки. Вкупен табеларен преглед на вносот од 1853 до 1900 година даваме во приложениот статистички преглед (Види табела I).

### 3. *Преглед на вносната трговија на Ријека со Турција во детали*

Прегледот на вносната трговија на Ријека со Турција во детали го одбележуваме со изложување на податоци за поважните турски вносни производи. Првенствено доаѓале во предвид земјоделските производи, потем производите од индустриските култури, сточните производи и останалите производи. За изразито одбележување прегледноста на вносната трговија со тие производи, нив ги предаваме по години, количина, цена и нивната вкупна вредност.

#### *1. Земјоделски производи*

Од поважните земјоделски производи што се внесувале од Турција во Ријека првенствено спаѓале: пченицата, пченката, јачменот, овесот и други.

##### а. Пченица

Пченицата служела како важен вносен артикал од Турција во Ријека. Меѓутоа, вносот нејзин не бил секогаш изразито голем, секако заради тоа, што Унгарија се повеќе загосподарувала со овој артикал на ријечкиот пазар. Цените на пченицата што била внесувана од Ријека варирале во еден близок сразмер. Табеларниот преглед на вносот на пченицата од Турција за Ријека изгледал какошто следува:

[25]) Statisztikai Adatok 84.

| Години | количина | цена | вредност |
|---|---|---|---|
| 1877 | 7.626 q. | 10 | 76.260 ф. |
| 1878 | 3.600 — | 1 | 3.600 — |
| 1880 | 8 — | 10 | 80 — |
| 1883 | 3 — | 11 | 33 — |
| 1884 | 601 — | 11 | 6.611 — |
| 1885 | 420 — | 11 | 4.620 — |
| 1890 | 532 — | 11 | 5.852 — |
| 1891 | 503 — | 11 | 5.533 —[26]) |
| 1898 | 2 — | — | — |
| 1899 | 12.440 —[27]) | — | — |

## б. Пченка

Интевесот на ријечките трговски фактори бил исто така голем и за пченката. Тоа го утврдуваме од тоа, што забележуваме изразит внос на турска пченка, кој варирал во зависност од моменталната побарувачка. Во поглед на цените забележуваме постепено покачување, нарочно по 1880 година, кое било условено од повеќе причини, поспецијално поради големата побарувачка на овој производ. Табеларниот преглед на вносот на турска пченка изгледал какошто следува:

| Години | количина | цена | вредност |
|---|---|---|---|
| 1875 | 14.580 q. | 7,46 | 108.754 ф. |
| 1876 | 4.291 — | 9,43 | 40.392 — |
| 1877 | 22.608 — | 7 | 158.044 — |
| 1880 | 10 — | — | — |
| 1881 | 236 — | 6.25 | 1.475 — |
| 1882 | 13.224 — | 6,25 | 82.715 — |
| 1884 | 19.360 — | 8 | 154.880 — |
| 1885 | 1.390 — | 8 | 11.120 — |
| 1886 | 1.668 — | 8 | 13.344 — |
| 1887 | 1.536 — | 8 | 12.288 — |
| 1888 | 1.388 — | 8 | 11.108 — |
| 1889 | 250 — | 8 | 2.000 — |
| 1890 | 12.426 — | 8 | 99.408 — |
| 1891 | 29.776 — | — | — |

[26]) DAR. P. O., № 5707, 25-X-1894. Веројатно за количина од 1878 г. се работи за грешка, треба 3.60 q., а не 3.600, како е во изворот.

[27]) Re. 1898, 48; 1899, 25.

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1893 | 530 — | 8 | 4.240 — |
| 1894 | 4.858 —(до 30 јуни) | 8 | 38.864 —[28]) |
| 1895 | 82.536 — | — | — |
| 1896 | 700 — | — | — |
| 1900 | 33.321 —[29]) | — | — |

## в. Јачмен и овес

Побарувачката на јачменот и овесот била исто така изразита. Количината на вносот била нееднаква, а цената бележела извесно зголемување што утврдуваме од подолу изложениот табеларен преглед:

| Години | количина | цена | вредност |
|---|---|---|---|
| 1875 | 1.968 q. | 5 | 9.840 ф. |
| 1877 | 108 — | 5 | 540 — |
| 1878 | 262 — | 5.92 | 1.551 — |
| 1880 | 60 — | — | — |
| 1881 | 120 — | — | 1.000 — |
| 1882 | 407 — | 5 | 2.035 — |
| 1883 | 1.317 — | 7 | 9.219 — |
| 1884 | 1.745 — | 7 | 12.215 — |
| 1885 | 160 — | 7 | 1.120 — |
| 1888 | 1.897 — | 7 | 13.279 — |
| 1889 | 9.169 — | 7 | 64.216 — |
| 1890 | 7.829 — | 7 | 54.803 — |
| 1891 | 1.648 — | 7 | 11.536 — |
| 1892 | 50 — | 7 | 350 — |
| 1894 | 3.991 —(до 30 јуни) | 7 | 27.937 —[30]) |
| 1895 | 25.436 — | — | — |
| 1896 | 10.015 — | — | — |
| 1897 | 11.725 — | — | — |
| 1898 | 883 —[31]) | — | — |

## д. Варива, разни билки и јужно овошје

Од варивата предимно се внесувал грав и тоа во незнатни количини. Во 1883 година забележан бил внос на грав 40 центически метра[32]). По една година, вносот на граот изнесувал 105 центически метра[33]).

[28]) DAR. P. O., № 5707, 25-X-1894.
[29]) Re. 1895, 54; 1896, 56; 1900, 14.
[30]) DAR. P. O., № 5707, 25-X-1894.
[31]) Re. 1895, 53; 1896, 55; 1897, 56.
[32]) Ra. 1883, 27.
[33]) Ra. 1884, 28.

Вносот на разните билки исто така се практикувало, но во поминимални количини. Биле внесувани разни тревки и билки, првенствено потребни за медикаменти или воопшто за индустријата.

Вносот на јужното овошје било особено развиено. Било внесувано фришко и суво јужно овошје. Во 1883 година, било внесено фришко овошје од 16 центически метра[34], а во 1900 година, 59[35]). Портокалите и лимоните, што доаѓале од азискиот дел на Турција, биле баран артикал во Ријека. Во 1897 година биле внесени 43 центически метра[36]), а во 1900 година, 257[37]). Вносот на суви смокви бил исто така забележителен. Во 1895 година, биле внесени 153 центически метра суви смокви[38]). По две години вносот износувал 87 центически метра[39]), а во 1900 година, 41[40]).

Најзабележителен вносен артикал од јужното овошје било сувото грозје. Табеларниот преглед на неговиот внос изгледал како што следува:

| Години | количина | цена | вредност |
|---|---|---|---|
| 1878 | 144 q. | 22 | 3.168 |
| 1879 | 132 — | 18 | 2.376 |
| 1881 | 90 — | 22 | 1.980 |
| 1883 | 88 — | 25 | 2.200 |
| 1888 | 36 — | 25 | 900 |
| 1889 | 233 — | 25 | 5.825 |
| 1892 | 1.364 — | 25 | 34.100 |
| 1893 | 2.789 — | 25 | 69.725 |
| 1894 | 79 —(до 30 јуни) | 25 | 1.975[41]) |
| 1895 | 649 — | — | — |
| 1896 | 2.772 — | — | — |
| 1897 | 1.036 — | — | — |
| 1898 | 1.063 — | — | — |
| 1899 | 1.431 — | — | — |
| 1900 | 1.022 —[42]) | — | — |

Во последните години од XIX в. реколтата на јужното овошје била слаба. Затоа и се чувствувало слабеење на трговијата со јужно овошје[43]). Меѓутоа, и покрај тоа ријечкиот внос на јужно овошје од Турција не бил минимален.

[34]) Ra. 1883, 27.
[35]) Ra. 1900, 18.
[36]) Re. 1897, 53.
[37]) Re. 1900, 11.
[38]) Re. 1895, 51.
[39]) Re. 1897, 52.
[40]) Re. 1900, 9.
[41]) DAR. P. O., № 5707, 25-X-1894.
[42]) Re. 1895, 50; 1896, 52; 1897, 53; 1898, 45; 1899, 53; 1900, 9.
[43]) Trgovina istočnim voćem. Novi List № 263, 19-XI-1900, 3.

## 2. *Индустриски култури*

За производите на турските индустриски култури владеел во Ријека интерес. Некои од овие производи нужно биле потребни за ријечката индустрија. Во прв ред тука доаѓале во предвид: тутунот, памукот, свилата и друго.

### а. Тутун

И покрај монополот на Режијата, вносот на турскиот тутун се употребувал како суровинска база на ријечката фабрика за цигари. Обично тутунот бил од одличен квалитет и се внесувал суров, во листови, кој потем се преработувал ро ријечката фабрика за тутунови производи. Тутунот се внесувал во големи количини и за него имало голема побарувачка[44]). Цената на еден квинтал отпрвин изнесувала 62 форинти, а потем двојно се покачила. Ова знатно покачување на турскиот тутун нарочно од 1883 година натаму било условено од тоа што со преминување на „Режијата“ (1883 г.) во рацете на странските капиталисти сето производство и продажба на тутунот се монополизирало вó нејзини раце. Со тоа „Режијата“ била апсолутен господар во одредување на цените. Додека пред 1883 година цената на тутунот се одредувала на слободниот пазар а од 1883 година натаму, цената исклучно се одредувала од „Режијата“, која со тоа се стремела да извлече баснословни печалби. Со монополизирањето на турскиот тутун од страна на „Режијата“ побарувачката на овој важен артикал знатно се зголемила, така што и ова било причина за скоро двојно зголемување на неговата цена. Оваа тенденција ја набљудуваме и внесениот тутун од Турција во Ријека. Табеларниот преглед на тој внос изгледал какошто следува:

| Години | количина | цена | вредност |
|---|---|---|---|
| 1875 | 301 q. | 62 | 18.662 ф. |
| 1876 | 8.171 — | 62 | 506.602 — |
| 1877 | 4.810 — | 62 | 298.220 — |
| 1878 | 2.994 — | 62 | 185.628 — |
| 1879 | 3.835 — | 62 | 237.770 — |
| 1880 | 9.154 — | 62 | 567.548 — |
| 1881 | 11.504 — | 62 | 713.248 — |
| 1882 | 3.678 — | 62 | 228.036 — |
| 1883 | 5.303 — | 125 | 662.875 — |
| 1884 | 7.926 — | 125 | 990.750 — |
| 1885 | 5.160 — | 125 | 645.000 — |
| 1886 | 5.559 — | 125 | 694.875 — |

[44]) Интересот произлегувал и од тоа што австроунгарската влада испратила во Кавала една техничка комисија за да се запознае со начинот на обработката на македонскиот тутун. (Сп. БИДр. I/4 (1886), 366—367).

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1887 | 7.147 — | | 125 | 893.375 — |
| 1888 | 8.594 — | | 125 | 1.074.250 — |
| 1889 | 5.214 — | | 125 | 651.750 — |
| 1890 | 5.503 — | | 125 | 687.875 — |
| 1891 | 25.353 — | | — | — — |
| 1892 | 11.407 — | | 125 | 1.425.875 — |
| 1893 | 5.260 — | | 125 | 657.500 — |
| 1894 | 2.995 — | (до 30 јуни) | 125 | 374.375 —[45]) |
| 1895 | 13.936 — | | — | — |
| 1896 | 21.072 — | | — | — |
| 1897 | 21.859 — | | — | — |
| 1898 | 17.922 — | | — | — |
| 1898 | 23.759 — | | — | — |
| 1900 | 21.198 —[46]) | | — | — |

## б. Памук, лен и свила

Ријечките текстилни претпријатија се снабдувале и со турскиот памук, лен и свила. Меѓутоа, вносот на памукот бил незнатен секако заради конкуренцијата на американскиот памук, Ријека се ориентирала и на други пазари. Покрај тоа, забележуваме побарувачка за турскиот памук, која илустративно се изразува во табеларниот преглед што следува:

| Година | количина | цена | вредност |
|---|---|---|---|
| 1879 | 32 q. | 117,75 | 3.768 ф. |
| 1880 | 14 — | 66 | 924 — |
| 1881 | 21 — | 250 | 5.250 — |
| 1882 | 7 — | 118 | 826 — |
| 1891 | 4 — | 65 | 260 — |
| 1892 | 132 — | 65 | 8.580 —[47]) |
| 1896 | 186 — | — | — |
| 1897 | 261 — | — | — |
| 1900 | 1.633 —[48]) | — | — |

За потребите на индустријата биле внесувани суров лен и свила, но во незнатни количини. Во 1881 г. биле внесени 41 квинтали свила во вкупна вредност од 120.750 форинти[49]). Биле внесувани и други производи од турските индустриски култури, но во минимални количини.

[45]) DAR. P. O., № 5707, 25-X-1894.
[46]) Re. 1895, 52; 1896, 54; 1897, 55; 1898, 47—48, 1899, 56; 1900, 12.
[47]) DAR. P. O., № 5707, 25-X-1894.
[48]) Re. 1896, 84; 1897, 86; 1900, 50.
[49]) DAR. P. O., № 5707, 25-X-1894.

### 3. *Сточни производи*

Овдека спаѓале разни врсти од сточни производи, првенствено кожи, коски и желки. Постоеле разни врсти на сурови кожи и тие биле разделени во три категории. Во прва биле: свински, козји, јагнешки и овновски кожи. Во втора биле: кожи на диви животни. Третата категорија ги опфаќала, само зајчите кожи[50]). Најповеќе кожи се изработувале во Европска Турција, односно во Македонија, а исто така и во Мала Азија. Особено забележуваме дека при крајот на XIX век знатно се зголемил вносот на кожите. Табеларниот преглед подолу, илустративно го покажува зголемениот внос на овој важен артикал. Движењето на вносот на кожите изгледал како што следува:

| Години | количина | цена | вредност |
|---|---|---|---|
| 1878 | 24 q. | 21 | 504 ф. |
| 1879 | 30 — | 20,99 | 628 — |
| 1880 | 232 — | 21 | 4.872 — |
| 1881 | 379 — | — | — |
| 1883 | 298 — | 22 | 6.556 — |
| 1884 | 72 — | 22 | 1.584 — |
| 1886 | 2 — | 22 | 44 — |
| 1888 | 8.177 — | 22 | 179.894 — |
| 1889 | 7.117 — | 22 | 156.574 — |
| 1890 | 526 — | 22 | 11.572 — |
| 1891 | 12.978 — | 22 | 285.516 — |
| 1892 | 8.088 — | 22 | 177.936 — |
| 1893 | 12.871 — | 22 | 283.162 — |
| 1894 | 7.095 — (до 30. VI) | 22 | 156.090 —[51]) |
| 1895 | 19.614 — | — | — |
| 1896 | 18.524 — | — | — |
| 1897 | 23.657 — | — | — |
| 1898 | 32.531 — | — | — |
| 1899 | 41.825 — | — | — |
| 1900 | 56.365 —[52]) | — | — |

Втор важен артикал биле коските, кои служеле за потребите на некои ријечки фабрики. Вносот на коските не бил секогаш рамномерен, туку варирал. Табеларниот преглед на вносот на коски изгледал какошто следува:

[50]) Fluminensis, Lettere dalla Turchia. Salonicco, 28-III- (La Bilancia № 75, 2-IV-1892).

[51]) DAR. P. O., № 5707, 25-X-1894.

[52]) Re. 1895, 78; 1896, 81; 1897, 83; 1898, 78; 1899, 88; 1900, 47.

| Години | количина | цена | вредност |
|---|---|---|---|
| 1884 | 50 q. | 8 | 400 ф. |
| 1885 | 300 — | 8 | 2.400 — |
| 1886 | 311 — | 8 | 2.488 — |
| 1888 | 360 — | 8 | 2.880 — |
| 1889 | 456 — | 8 | 3.648 — |
| 1890 | 1.200 — | 8 | 9.600 — |
| 1891 | 1.255 — | 8 | 10.040 — |
| 1892 | 1.310 — | 8 | 10.480 — |
| 1893 | 960 — | 8 | 7.680 — |
| 1894 | 35 — (до 30 јуни) | 8 | 280 —[53]) |
| 1895 | 690 — | — | — |
| 1896 | 997 — | — | — |
| 1897 | 870 — | — | — |
| 1898 | 3.536 — | — | — |
| 1899 | 1.170 — | — | — |
| 1900 | 5.090 —[54]) | — | — |

Побарувачка имало и за вносот на желки од Турција. Нивниот внос не бил изразито голем, туку осреден. Забележуваме дека заради големата побарувачка, а и заради специфичноста на артиклот цената постепено се покачувала. Табеларниот преглед на вносот на желки од Турција изгледал какошто следува:

| Години | количина | цена | вредност |
|---|---|---|---|
| 1879 | 231 q. | 25,97 | 6.000 ф. |
| 1880 | 60 — | 26 | 1.560 — |
| 1883 | 290 — | 40 | 11.600 — |
| 1884 | 60 — | 40 | 2.400 — |
| 1885 | 600 — | 40,83 | 24.500 — |
| 1886 | 229 — | 40 | 9.160 — |
| 1887 | 350 — | 40 | 14.000 — |
| 1888 | 100 — | 40 | 4.000 — |
| 1889 | 270 — | 40 | 10.800 — |
| 1890 | 570 — | 40 | 22.800 — |
| 1891 | 310 — | 40 | 12.400 —[55]) |

[53]) DAR. P. O., № 5707, 25-X-1894.
[54]) Re. 1895, 105; 1896, 109; 1897, 111; 1898, 108; 1899, 121; 1900, 81.
[55]) DAR. P. O., № 5707,25-X-1894.

### 4. *Други производи*

Освен досега споменатите вносни производи постоеле и други производи, кои биле внесувани во Ријека од Турција.

Вносот на вино било доста проширено. Бидејќи во Турција винарството било особено развиено, количината на вносот за Ријека било изразито. Се разбира не постојано, туку во определени години. Цената на еден квинтал отпрвин изнесувала 11 форинти, додека подоцна двојно се покачила секако заради големите даноци, кои требало да ги плаќаат турските производители, а исто така и поради монополизирањето на неговата трговија. Табеларниот преглед на вносот на виното изгледал какошто следува:

| Години | количина | цена | вредност |
|---|---|---|---|
| 1881 | 26 q. | 11 | 286 ф. |
| 1882 | 4 — | 11 | 44 — |
| 1883 | 4 — | 25 | 100 — |
| 1887 | 247 — | 25 | 6.175 — |
| 1888 | 635 — | 25 | 15.875 — |
| 1889 | 308 — | 65 | 20.020 — |
| 1890 | 447 — | 25 | 11.175 — |
| 1891 | 617 — | 25 | 15.425 — |
| 1892 | 4.222 — | 25 | 105.550 — |
| 1893 | 186 — | 25 | 4.650 —[56]) |
| 1894 | 14.774 — (до 30 јуни) | 25 | 369.350 —[57]) |
| 1896 | 3.519 — | — | — |
| 1897 | 237 — | — | — |
| 1899 | 960 — | — | — |
| 1900 | 1.736 —[58]) | — | — |

Интересот за внос на партали бил исто така забележителен. Турските партали биле ползувани од ријечката фабрика за хартија, како и од други претпријатија. Меѓутоа, вносот на овој артикал по однос на количината е незнатен. Табеларниот преглед на вносот на партали изгледал какошто следува:

[56]) Ријечката Капетанија со писмо од 5-VI-1893 г., до локалната агенција на Lloyd, соопштуваа дека во ријечкото пристаниште пристигнале од Смирна 14 буриња вино марка M. B. и D. W. G. № 1/14 и 4270/72, со вкупна тежина од кгр. 13.482. (DAR. Kapetn. № 1370, 5-VI-1893).

[57]) DAR. P. O. № 5707, 25-X-1894.

[58]) Re. 1896, 68; 1897, 70; 1899, 73; 1900, 30.

| Години | количина | цена | вредност |
|---|---|---|---|
| 1883 | 42 q. | 10 | 420 ф. |
| 1885 | 260 — | 10 | 2.600 — |
| 1886 | 30 — | 10 | 300 — |
| 1889 | 9 — | 10 | 90 — |
| 1890 | 62 — | 10 | 620 — |
| 1891 | 55 — | 10 | 550 — |
| 1892 | 60 — | 10 | 600 — |
| 1893 | 5 — | 10 | 50 —[59]) |
| 1896 | 12 — | — | — |
| 1899 | 83 —[60]) | — | — |

Интерес постоел и за турското рудно богаство. Поважните руди биле внесувани во Ријека многу често и тоа во разни количини. Во 1897 година била внесена железна руда од Европска Турција во износ од 1000 центически метра[61]). По една година вносот на истата изнесувал 4.840 центически метра[62]), а во 1900 година 2.472[63]). Во знатни количини бил внесуван и магнезит. Така во 1898 година бил внесен 3.000 центически метра[64]).

Биле внесувани и други руди, но во помали количини.

Освен изнесените поважни вносни производи биле внесувани во Ријека од Турција и други разни производи, но во помали количини. Нарочно за одбележување се артиклите: сирење, коски од овошје, сапун, ракија, катран, пијавици, јажиња, дрва за сечење, вреќи, врби во снопови, волна. восок, ораси, ловорови лисја, трици, глина, плочници, маслиново уле, сушени риби, коштани, сурово злато, гумирабика, килими, индиго, пипер, маслинки, рогови и друго. Со ова не се исцрпува разновидните листа на внесените артикли, нив ги имало уште повеќе. Така што сиов овој преглед сведочи дека Ријека била заинтересирана за турските артикли и нив ги внесувала во различни количини, како што беше понапред изложено.

[59]) DAR. P. O., № 5707, 25-X-1894.
[60]) Re. 1896, 110; 1899, 122.
[61]) Re. 1897, 80.
[62]) Re. 1898, 75.
[63]) Re. 1900, 73.
[64]) Re. 1898, 76.

## II. ИЗВОЗНАТА ТРГОВИЈА

### 1. *Преглед на вкупната извозна трговија на Ријека со Турција*

Ријечките трговски и индустриски фактори покрај што биле заинтересирани за вносот на турските суровини за потребите на индустријата и на пазарот, тие уште повеќе пројавувале настојувања за извоз и за пласман на ријечките индустриски производи и на другите артикли на пазарите во Турција.

Ријечките извозни артикли што биле пласирани на турските пазари биле разноврсни како по квалитет, така и по квантитет. Бројните извозни артикли можат да се изложат во неколку карактеристични групи, а имено: дрва и дрвени производи, хартија, железарија и разни машини военен материјал, хемиски производи, стакло и стаклени производи, брашно и брашнени производи, очистен орнз, шеќер, кафе, петрол и други производи.

Во вкупната извозна трговија забележуваме постепено зголемување бројот на извозните артикли. Ако во 1879 година забележуваме дека бројот на извозните артикли изнесувал 18[65]), во 1883 година бројот бил 36[66]), а во 1885 година 29[67]). Од 1895 година натаму до констатираме осетното зголемување бројот на извозните артикли и тоа какошто следува:

1895 : 58[68])
1896 : 69[69])
1897 : 97[70])
1898 : 74[71])
1899 : 86[72])
1900 : 88[73])

Движењето во растежот на ријечката извозна трговија со Турција го забележуваме во нејзиниот вкупен преглед по одделни години. Во 1853 година вредноста на вкупниот извоз за Турција изнесувала само 62.748 форинти, изразито помалку оо вносот во истата година[74]). Во 1867 година извозот изнесувал само 7.474 форинти[75]). Дури после 1870 година се зголемила количината и вредноста на извозот. Во 1878 година извезена била за Турција стока од 34.218 центически метра во

---

[65]) Ra. 1879, 27—62.
[66]) Ra. 1883, 23—62.
[67]) Ra. 1885, 22—58.
[68]) Re. 1895, 49—109.
[69]) Re. 1896, 51—111.
[70]) Re. 1897, 51—114.
[71]) Re. 1898, 43—110.
[72]) Re. 1899, 53—154.
[73]) Re. 1900, 7—100.
[74]) Ra. 1853, 24.
[75]) Fiume kikotojenek, за 1867 (не е пагинирано).

вредност од 520.602 форинти, а се забележило извесно зголемување од вносот[76]). Во 1884 година извезена била стока од 55.987 центически метра во вредност од 1.184.825[77]). И во извозот забележуваме осетно зголемување по количина и по вредност во последните години од XIX век. Прегледот бил какошто следува:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1896 : 100.428 | ц. м. | 1.933.909 | ф.[78]) |
| 1897 : 109.006 | — | 1.819.899 | —[79]) |
| 1898 : 130.318 | — | 2.051.578 | —[80]) |
| 1899 : 196.310 | — | 5.610.364 | —[81]) |
| 1900 : 136.051 | — | 4.603.303 | —[82]) |

Стоката што била наменета зл извоз во Турција се пренесувала по море, а во незнатни количини и по суво. По море најчесто се извозувало од кораби под австро-унгарско, а поредко под турско знаме.

Извозната стока најповеќе се испраќала за Европска Турција. Меѓутоа, во некои години бил забележан обратен случај, т. е., извозот да е бил поголем за Азиатскиот дел на Турција. Интересно е дека за извозот на стоката, како за Европска, така и за Азиатска Турција, се повеќе се употребувале парапловите, а значењето на едреначите опаѓало. За илустрација би навеле табеларен преглед за риječкиот извоз во Европска и Аиатска Турција од последните години на XIX век, какошто следува:

| Дел на земја | Врста на корабите | количина во 100 м | | | вредност во круни | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1897 | 1898 | 1899 | — 1897 | 1898 | 1899 |
| Европ. | парапл. | 62.539 | 70.063 | 71.757 | 2.290222 | 2.386890 | 2318378 |
| Турција | едренач. | 912 | 1.877 | 9.777 | 7268 | 11994 | 86485 |
| Азиат. | парапл. | 43211 | 46822 | 103240 | 1.330656 | 1.616140 | 3108358 |
| Турција | едренач. | 1541 | 11554 | 10088 | 11652 | 88132 | 96393[83]) |

Во Европскиот дел на Турција најповеќе стока се извезувало за Солун, а потем за Цариград, Валона и за други пристаништа. Во Азиатскиот дел на Турција најповеќе стока се извезувалв за Смирна, а потем за Јафа, Бејрут и други. Прегледот на извозот во споменатите

[76]) Ra. 1879, 12.
[77]) Ra. 1884, 11—12.
[78]) Re. 1896, 21; DAR. P. O., № 5705, 25-X-1894.
[79]) Re. 1897, 23, 147.
[80]) Re. 1898, 17, 140.
[81]) Re. 1899, 17, 156.
[82]) Re. 1900, 117—120.
[83]) Statisztikai Adatok, 64—66.

центри од последните години на XIX век покажува нееднаквост, во кое првенството се паѓало на Солун и Смирна. За илустрација на наведеното даваме табеларен преглед какошто следува:

| Дел на земјата | Од кое пристаниште | Извоз 1896 | 1897 | 1898 | 1899 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | количина во 100 метри | | | |
| Европ. Турција | Цариград | 8.338 | 12.962 | 19.114 | 24.847 |
| | Солун | 39.067 | 45.474 | 41.260 | 27.793 |
| | Валона | — | — | — | 134 |
| | Др. прист. | 5.832 | 5.409 | 11.787 | 28.930 |
| Азиат. Турција | Бејрут | — | — | — | 2.378 |
| | Смирна | 21.465 | 30.473 | 32.988 | 55.885 |
| | Јафа | — | — | — | 5.939 |
| | Др. прист. | 25.726 | 14.433 | 23.623 | 38.653[84]) |

Досега изложеното илустрира само еден општ осврт на ријечкиот извоз за Турција. Вкупен табеларен преглед на извозот од 1853 до 1900 година даваме во приложениот статистички преглед (Види: Табела II).

## 2. *Преглед на извозната трговија на Ријека со Турција во детали*

Ријечката извозна трговија во детали опфаќала бројни производи, што наоѓале пласман и биле барани на турските пазари. Побарувачката на овие артикли постојано се зголемувала, за што говори сè поголемото покачување на нивната количина од година во година. Интересно е да се подвлече дека овие ријечки извозни артикли наоѓале на широк пласман на турските пазари. За одбележување е прегледноста на извозните артикли во детали, нив ги предаваме според понапред споменатите карактеристични групи и тоа по години, количина, цена и нивната вредност.

### 1. *Дрва и дрвени производи*

Сѐпоширената градежна дејност во Турција, која се одвивала во втората половина од XIX век, условила се повеќе да се зголемува побарувачката на разни шумски дрвени производи. Бидејќи Ријека на

[84]) Statisztikai Adatok, 84.

големо тргувала со тие сортименти, благодарение на нејзиниот богат хинтерланд со шуми и извозот за Турција се одвивал првенствено преку неа. Извозната трговија на дрвата и на дрвените производи опфанувала неколку производи кои биле извезувани во Турција во големи количини.

### а. Разни врсти на шумски сортименти

Овдека спаѓале сортименти какошто се: разни греди, дрвени прагови, дрва за кораби и друг разноврстен градежен материјал. Потоа разни видови шумски дрвја од храстовина, боровина, еловина, буковина и друго. Билансот во извозот на овие производи не е бил секогаш еднаков, туку варирал. Нарочно зголемување се забележило во годините 1885 – 1895. Цените исто така не биле еднакви. Табеларниот преглед во извозот на разните видови на дрвја изгледал какошто следува:

| Години | количина | | цена | вредност |
|---|---|---|---|---|
| 1876 | 500 | парч. | 4 | 2.000 ф. |
| 1879 | 100 | — | 4 | 400 — |
| 1881 | 444 | — | 11,23 | 4.988 — |
| 1882 | 100 | — | 4 | 400 — |
| 1883 | 18.300 | — | 2,14 | 39.180 — |
| 1885 | 600 | — | — | 240 — |
| 1886 | 17.353 | — | 2,36 | 41.040 — |
| 1887 | 1.700 | — | 2,30 | 3.910 — |
| 1888 | 215.780 | — | — | 52.186 — |
| 1889 | 24.169 | — | 3,33 | 81.950 — |
| 1890 | 45.217 | — | 2,40 | 108.654 — |
| 1891 | 2.627 | — | 59,51 | 156.334 — |
| 1892 | 13.252 | — | 2,37 | 31.524 — |
| 1893 | 28.956 | — | 2,25 | 65.282 — |
| 1894 | 1.257 | (до 30 јуни) | 2,85 | 3.576[85]) |
| 1895 | 6.890 | — | — | — |
| 1896 | 477 | — | — | — |
| 1897 | 1.106 | — | — | — |
| 1898 | 809 | — | — | — |
| 1899 | 611 | — | — | — |
| 1900 | 889[86]) | | — | — |

[85]) DAR. P. O., № 5707, 25-X-1894.
[86]) Re. 1895, 69—70; 1896, 72—74; 1897, 75—76; 1898, 61—68; 1899, 79—81; 1900, 37—40,

б. Даски и летви од разни видови шумски дрвја

Во прв ред биле извезувани храстови, букови и елови даски. Извозот на овие производи бил нееднаков. Најголем извоз бил забележан во осмата деценија од XIX век. И овдека цените не биле константни. Табеларниот преглед во извозот на даските изгледа какошто следува:

| Години | количина | | цена | вредност |
|---|---|---|---|---|
| 1875 | 113.850 | парчиња | 0,11 | 12.540 ф. |
| 1876 | 2.000 | — | 0,54 | 1.080 — |
| 1877 | 1.200 | — | 0,95 | 1.148 — |
| 1878 | 400 | — | 0,54 | 216 — |
| 1879 | 9.300 | — | 0,54 | 5.055 — |
| 1880 | 800 | — | 0,54 | 432 — |
| 1881 | 3.200 | — | 0,56 | 1.798 — |
| 1882 | 31.900 | — | 0,54 | 17.383 — |
| 1883 | 133.000 | — | 0,78 | 104.539 — |
| 1884 | 10.900 | — | 0,55 | 6.038 — |
| 1885 | 7.768 | — | 0,80 | 6.253 — |
| 1886 | 15.800 | — | 0,57 | 9.163 — |
| 1887 | 17.700 | — | 0,51 | 9.099 — |
| 1888 | 23.850 | — | 0,54 | 14.189 — |
| 1889 | 16.100 | — | 0,48 | 7.720 — |
| 1890 | 8.150 | — | 2,52 | 20.615 — |
| 1891 | 4.181 | — | 2,58 | 10.812 — |
| 1892 | 2.071 | — | 2,54 | 5.269 — |
| 1893 | 27.592 | — | 2,66 | 73.590 — |
| 1894 | 7.067 | (до 30. VI.) | 2,56 | 18.125[87]) |
| 1895 | 137.495 | — | — | — |
| 1896 | 3.213 | — | — | — |
| 1897 | 2.735 | — | — | — |
| 1898 | 2.081 | — | — | — |
| 1899 | 1.988 | — | — | — |
| 1900 | 7.981[88]) | — | — | — |

Извозот на летвите бил исто така забележителен. Табеларниот преглед во извозот на истите изгледал какошто следува:

[87]) DAR. P. O., № 5707, 25-X-1894.

[88]) Re. 1895, 73—74; 1896, 73—76; 1897, 75—77; 1898, 70—71; 1899, 83—84; 1900, 38—39.

| Години | количина | цена | вредност |
|---|---|---|---|
| 1875 | 1.200 парчиња | 0,30 | 360 ф. |
| 1876 | 300 — | 0,45 | 135 — |
| 1879 | 1.300 — | 0,45 | 585 — |
| 1880 | 200 — | 0,45 | 90 — |
| 1881 | 11.600 — | 0,45 | 5.220 — |
| 1882 | 1.000 — | 0,37 | 378 — |
| 1883 | 2.000 — | 0,40 | 800 — |
| 1884 | 2.500 — | 0,40 | 1.000 — |
| 1885 | 2.500 — | 0,40 | 1.000 — |
| 1886 | 4.500 — | 0,40 | 1.800 — |
| 1887 | 6.700 – | 0,40 | 2.680 – |
| 1888 | 9.000 – | 0,40 | 3.600 – |
| 1889 | 7.900 – | 0.40 | 3.160 – |
| 1890 | 13.960 – | 2 | 27.920 – |
| 1891 | 1.300 – | 2 | 2.600 – |
| 1892 | 960 – | 2 | 1.920 – |
| 1893 | 9.045 – | 2,66 | 24.120 – |
| 1894 | 1.600 (до 30 јуни) | 2,15 | 3.440[89]) |
| 1896 | 286 – | – | – |
| 1897 | 287 – | – | – |
| 1898 | 400 – | – | – |
| 1899 | 140[90]) – | – | – |

### в. Даги од разни видови шумски дрвја

Дагите биле доста баран материјал, во Турција. Пазарот најповеќе се подмирувал од Ријека. Биле извезувани разни даги, а првенствено: храстови, елови и други. Цените биле различни, во зависност од квалитетот. Табеларниот преглед во извозот на дагите изгледал како што следува:

| Години | количина | цена | вредност |
|---|---|---|---|
| 1878 | 2.500 парчиња | 0,050 | 125 ф. |
| 1882 | 10.800 – | 0,050 | 540 – |
| 1883 | 55.000 – | 0,022 | 1.220 – |
| 1887 | 5.000 – | 0,220 | 1.100 – |
| 1888 | 15.000 – | 0,027 | 405 – |
| 1889 | 35.000 – | 0,220 | 7.700 – |
| 1890 | 100 – | 1,35 | 135 – |
| 1891 | 90 – | 0,90 | 81 – |

[89]) DAR. P. O., № 5707, 24-X-1894.
[90]) Re. 1897, 76; 1897, 77; 1898, 72; 1899, 140.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1892 | 204 | – | 7,332 | 1.496 – |
| 1893 | 522 | – | 1,417 | 740 – |
| 1894 | 156 | – (до 30 јуни) | 2,730 | 426[91]) |
| 1895 | 288.400 | – | – | – |
| 1896 | 7.263 | – | – | – |
| 1897 | 268 | – | – | – |
| 1898 | 5.545 | – | – | – |
| 1899 | 25.060[92]) | – | – | – |
| 1900 | 1.154[93]) | – | – | – |

## д. Дрвенарија и намештај

За Турција била извезувана дрвенарија и намештај произведувани во Ријека. Од дрвенарија биле извезувани разни даски за пенцериња, дрвени столови и друг столарски материјал. Табеларниот преглед во извозот на дрвенаријата изгледал како што следува:

| Години | количина | | цена | вредност |
|---|---|---|---|---|
| 1878 | 311 | парчиња | 12 | 3.732 ф. |
| 1879 | 2.656 | – | 12 | 31.872 – |
| 1880 | 971 | – | 12 | 11.652 – |
| 1881 | 3.798 | – | 12 | 45.576 – |
| 1882 | 254 | – | 76,99 | 19.557[94]) |
| 1883 | 32.600 | – | – | – |
| 1884 | 3.400 | – | – | – |
| 1885 | 1.600 | – | – | – |
| 1895 | 37.100 | – | – | – |
| 1896 | 14 | – | – | – |
| 1897 | 16 | – | – | – |
| 1898 | 6 | – | – | – |
| 1899 | 214 | – | – | – |
| 1900 | 26[95]) | – | – | – |

[91]) DAR. P. O.. № 5707 25-X-1894.

[92]) За извозот на даги во оваа година има соопштенија и од друг извор. Шпедитерот J. B. M. Gairard во 1899 г., извезол за Азиатска Турција: 315.050 парчиња даги. (DAR. T. K., № 430, 29-I-1900).

[93]) Re. 1895, 71; 1896, 72; 1897, 75; 1898, 68; 1899, 82; 1900, 35.

[94]) DAR. P. O., № 5707, 25-X-1894,

[95]) Ra. 1883, 1884, 1885, passim; Re. 1895, 1896, 1897, 1898, 1899, 1900, passim.

Од намештај биле извезувани за Турција разни модели. Нивниот извоз заради големата побарувачка поизразито се зголемил по 1883 година. Табеларниот преглед во извозот на намештајот изгледал како што следува:

| Години | количина | цена | вредност |
|---|---|---|---|
| 1883 | 344 парчиња | 75 | 25.800 ф. |
| 1884 | 427 – | 75 | 32.025 – |
| 1885 | 477 – | 75 | 35.775 – |
| 1886 | 431 – | 75 | 32.325 – |
| 1887 | 527 – | 75 | 39.525 – |
| 1888 | 957 – | 75 | 71.775 – |
| 1890 | 1.328 – | 75 | 99.600 – |
| 1891 | 1.261 – | 75,15 | 94.775 – |
| 1892 | 1.196 – | 75 | 89.700 – |
| 1893 | 846 – | 75 | 63.450 – |
| 1894 | 297 – (до 30 јуни) | 75 | 22.275[96]) |
| 1895 | 843 – | – | – |
| 1896 | 1.022 – | – | – |
| 1897 | 973 – | – | – |
| 1898 | 1.198 – | – | – |
| 1899 | 844 – | – | – |
| 1900 | 1.321[97]) – | – | – |

## 2. *Хартија*

Разните врсти на хартија, производ на ријечката фабрика за хартија, наидувале на добар пласман на пазарите во Турција. Затоа, колку била раширена употребата на ријечката хартија во Турција научуваме и од збирката водни знаци во Отоманската Империја, што ја публикувал В. Николаев[98]). Во оваа збирка објавени се разни знаци како контрамарки и други знаци со иницијали S. M. (Smith – Meynier), на чуената ријечка фабрика за хартија.[99])

Извозот на ријечката хартија за Турција обично се одвивал во приближен сразмер. Исто така и цената била скоро приближна. Тоа го заклучуваме од табеларниот преглед како што следува:

---

[96]) DAR. P. O., № 5707, 25-X-1894.

[97]) Re. 1895, 89; 1896, 92; 1897, 94; 1898, 90; 1899, 101; 1900, 60.

[98]) В. Николаев, Водяные знаки Отоманской Империи. I, София 1954. (пагинирано по номери).

[99]) Ibidem, № 1164—1875, № 1167—1876, № 1168—1876; № 1175—1876;

| Години | количина | | цена | вредност |
|---|---|---|---|---|
| 1878 | 1.545 q. | | 34 | 52.530 ф. |
| 1879 | 3.540 – | | 34 | 120.360 – |
| 1880 | 2.804 – | | 34 | 95.336 – |
| 1881 | 3.881 – | | 29,61 | 114.954 – |
| 1882 | 4.780 – | | 34 | 162.520 – |
| 1883 | 8.046 – | | 35 | 281.610 – |
| 1884 | 4.692 – | | 33,61 | 157.740 – |
| 1885 | 3.301 – | | 34,89 | 115.190 – |
| 1886 | 2.577 – | | 34,70 | 89.445 – |
| 1887 | 1.915 – | | 34,31 | 65.705 – |
| 1888 | 1.387 – | | 32,77 | 45.455 – |
| 1890 | 2.169 – | | 34,60 | 75.065 – |
| 1891 | 2.294 – | | 34,43 | 79.000 – |
| 1892 | 2.126 – | | 34,76 | 73.900 – |
| 1893 | 1.665 – | | 34,78 | 57.915 – |
| 1894 | 980 – | (до 30 јуни) | 34,81 | 34.120[100]) |
| 1895 | 1.845 – | | – | – |
| 1896 | 984 – | | – | – |
| 1897 | 2.513 – | | – | – |
| 1898 | 2.469 – | | – | – |
| 1899 | 2.622 – | | – | – |
| 1900 | 993[101]) | | – | – |

### 3. *Железарија и разни машини*

За овие артикли постоел во Турција исто така интерес. Во повеќе случаи се наблегнувало на оние производи, што биле потребни за градежништвото и индустријализацијата на Турција. Од железарија се извезувала разна стока (железнички прагови, клинци и друго) и тоа во нееднаква количина. Цените не биле секогаш еднакви. Табеларниот преглед во извозот на железаријата изгледал како што следува:

| Години | количина | цена | вредност |
|---|---|---|---|
| 1881 | 15 q. | 15 | 225 ф. |
| 1882 | 31 – | 15 | 465 – |
| 1883 | 2 – | 24 | 48 – |
| 1884 | 5 – | 24 | 120 – |
| 1885 | 52 – | 21 | 1.092 – |
| 1887 | 8 – | 24 | 192 – |
| 1891 | 23 – | 24 | 552 – |

100) DAR. P. O., № 5707, 25-X-1894.

101) Re. 1895, 86; 1896, 88—89; 1897, 90—91; 1898, 86; 1899, 97—98; 1900, 55—56.

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1892 | 41 – | 24 | 984 – |
| 1893 | 1.972 – | 21 | 41.412 – |
| 1894 | 538 – (до 30 јуни) | 21,16 | 11.388[102]) |
| 1895 | 79 – | – | – |
| 1896 | 2.120 – | – | – |
| 1897 | 7.449 – | – | – |
| 1898 | 7.584 – | – | – |
| 1899 | 911 – | – | – |
| 1900 | 5.709[103]) | – | – |

Во сосема незнатни количини се извезувале во Турција и метали. Во 1880 година биле извезени 355 квинтали неплеменити метали во вкупна вредност од 35.500 форинти[104]. Во истава годиња бил извезен 31 квинтал на челик во вредност од 775 форинти[105]).

Извозот на разните машини бил исто така минимален. Во повеќе случаи тоа биле машини за шиење и разни други машини и инструменти. Табеларниот преглед во извозот на разните машини за Турција изгледа какошто следува:

| Години | количина | цена | вредност |
|---|---|---|---|
| 1883 | 4 q. | — | — |
| 1886 | 26 | — | — |
| 1891 | 47 — | 150 | 7.050 ф. |
| 1892 | 70 — | 150 | 10.500 — |
| 1894 | 2 (до 30 јуни) | 150 | 300 — [106]) |
| 1895 | 101 | — | — |
| 1896 | 30 | — | — |
| 1897 | 55 | — | — |
| 1898 | 89 | — | — |
| 1899 | 230 | — | — |
| 1900 | 151[107]) | — | — |

## 4. *Военен материјал*

Во Турција постоел интерес и за производите на ријечката фабрика за торпеда. И покрај тоа што се работело аа военен материјал, којшто потпаѓал под воена тајна, наоѓаме дска во 1886 година во Турција биле извезени 10 парчиња на торпеда во вкупна вредност од 50.000 форинти.[108])

---

[102]) DAR. P. O., № 5707, 25-X-1894.
[103]) Re. 1895, 92—93; 1896, 96; 1897, 98—99; 1898, 94; 1899, 79; 1900, 37.
[104]) DAR. P. O., № 5707, 25-X- 1894.
[105]) Ibidem.
[106]) DAR. P. O., № 5707, 25-X-1894.
[107]) Re. 1895, 98; 1896, 101; 1897, 59; 1898, 92—94; 1899, 60; 1900, 65—66.
[108]) DAR. PO., № 5707, 25-X-1894.

### 5. *Хемиски производи*

Разните врсти на хемиските производи што се произведувале во ријечката хемиска фабрика, служеле за извоз и во Турција. Се извозувале разни киселини, потем антрацен, боракс, калиев карбонат каустична сода, разни сулфати, терпентини, шпиритус, витриол, нафталин, танин и друго.

Извозот на овие производи во Турција бил различен, Извозот на антрацен во 1896 г. изнесувал 227 центически метра[109]), а во 1897 г. 209.[110]) Извозот на калиевиот карбонат бил значително поголем. Во 1895 г. било извезено 1620 центически мстра,[111]) а во 1897 г. 2.197.[112]) Извозот на овој артикал бил зголемен натаму, така што во 1898 г. изнесувал 2.121 центически метра[113]), а во 1900 г. 2.153.[114]) Значителен бил извозот и на шпиритусот. Во 1882 г. биле внесени 737 квинтали во вредност од 23.584 форинти,[115] а во 1892 г. 17.245.[116]) Исто така и нафталинот бил извезуван за Турција во изразита количина. Во 1893 г., биле извезени 153 квинтали во вредност од 168.300 форинти[117]), а по една година 203 квинтали во вредност од 223.300 ф.[118]). Во помали количини биле извозувани за Турција и други ријечки хемиски производи.

### 6. *Стакло и стаклени производи*

Стаклото и стаклените производи наоѓале пласман и на турските пазари. Биле извезувани разни врсти од стакло, шишиња, порцелан и друго. Во 1892 г. биле извезени 495 квинтали во вредност од 25.210 форинти.[119]) Подоцна забележуваме извесно опаѓање во извозот на стаклото и на стаклените производи. Во 1900 г. биле извезени за Турција само 308 центически метра разно стакло[120]).

### 7. *Брашно и брашнени производи*

Извозот на брашното и брашнените производи по потекло од ријечките парни мелници, како и од други центри, бил значително развиен. Извозот на брашното за Турција бил нееднаков. А цената била константна. Кон 1885—1887 г. забележуваме осетно зголемување и тоа како што е изнесено во наведенава табела:

---

[109]) Re. 1896, 104.
[110]) Re. 1897, 106.
[111]) Re. 1895, 99
[112]) Re. 1897, 109
[113]) Re. 1898, 103.
[114]) Re. 1900, 75—76.
[115]) DAR. P. O., № 5707, 25-X-1894.
[116]) Re. 1892, 37.
[117]) DAR. P. O., № 5707, 25-X-1894.
[118]) Ibidem.
[119]) Ibidem.
[120]) Re. 1900, 61.

| Години | количина | | цена | вредност |
|---|---|---|---|---|
| 1878 | 32 q. | | 20 | 640 ф. |
| 1879 | 3.970 — | | 20 | 79.400 — |
| 1880 | 692 — | | 20 | 13.840 — |
| 1881 | 298 — | | 20 | 5.960 — |
| 1882 | 167 — | | 20 | 3.340 — |
| 1883 | 725 — | | 20 | 14.500 — |
| 1884 | 847 — | | 20 | 16.940 — |
| 1885 | 2.068 — | | 20 | 41.360 — |
| 1886 | 4.733 — | | 20 | 94.710 — |
| 1887 | 2.345 — | | 20 | 46.900 — |
| 1888 | 1.770 — | | 20 | 35.400 — |
| 1889 | 210 — | | 20 | 4.200 — |
| 1899 | 819.0 — | | 20 | 16.380.0 — |
| 1891 | 584 — | | 20 | 11.680 — |
| 1892 | 583 — | | 20 | 11.660 — |
| 1893 | 888 — | | 20 | 17.760 — |
| 1894 | 73 — | (до 30 јуни) | 20 | 1.460 —[121]) |
| 1895 | 321 — | | 20 | — |
| 1896 | 361 — | | — | — |
| 1897 | 533 — | | — | — |
| 1898 | 1.877 — | | — | — |
| 1899 | 1.546 — | | — | — |
| 1900 | 2.990 —[122]) | | — | — |

Извозот на брашнените производи. како например скробот. тестенините и други, бил значителен. Табеларниот преглед во извозот на скробот изгледал како што следува:

| Години | количина | цена | вредност |
|---|---|---|---|
| 1883 | 721 q. | 31 | 22.356 ф. |
| 1884 | 125 — | 36 | 4.500 — |
| 1885 | 60 — | 36 | 2.160 — |
| 1886 | 38 — | 36 | 1.368 — |
| 1887 | 171 — | 36 | 6.156 — |
| 1888 | 72 — | 36 | 2.592 — |
| 1890 | 483 — | 36 | 17.388 — |
| 1891 | 314 — | 36 | 11.304 — |
| 1892 | 70 — | 36 | 2.520 — |

[121]) DAR. P. O., № 5707, 25-X-1894.
[122]) RE. 1895, 55—56; 1896, 57; 1897, 59; 1898, 50; 1899, 59 и 27.

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1893 | 208 — | 36 | 7.488 — |
| 1894 | 338 — (до 30 јуни) | 36 | 12.168 —[123]) |
| 1895 | 226 — | — | — |
| 1886 | 485 — | — | — |
| 1897 | 287 — | — | — |
| 1898 | 263 — | — | — |
| 1899 | 462 — | — | — |
| 1900 | 450 —[124]) | — | — |

Извозот на тестенините се одвивал во прилична несразмерност. Табеларниот преглед во извозот на тестенини за Турција, бил како што следува:

| Години | количина | цена | вредност |
|---|---|---|---|
| 1879 | 151 q. | 29 | 4.379 ф. |
| 1880 | 40 — | 29 | 1.160 — |
| 1882 | 3 — | 29 | 87 — |
| 1884 | 2 — | 30 | 60 — |
| 1887 | 154 — | 30 | 4.620 — |
| 1888 | 130 — | 30 | 3.900 — |
| 1889 | 12 — | — | — |
| 1890 | 324 — | — | — |
| 1891 | 51 — | 30 | 1.530 — |
| 1892 | 72 — | 30 | 2.160 — |
| 1893 | 119 — | 30 | 3.570 — |
| 1894 | 25 — (до 30 јуни) | 30 | 750 —[125]) |
| 1896 | 13 — | — | — |
| 1897 | 17 — | — | — |
| 1898 | 42 — | — | — |
| 1899 | 12 — | — | — |
| 1900 | 28 —[126]) | — | — |

## 8. *Шеќер*

Побарувачката за рафинираниот ријечки шеќер била зголемена, нарочно по 80-те години од XIX век. Тоа се забележува од сѐ поза-

[123]) DAR. P. O. № 5707, 25-X-1794.
[124]) Re. 1895, 103; 1896, 106; 1897, 108; 1898, 105; 1899 и 1900, 462.
[125]) DAR. P. O., № 5707. 25-X-1894.
[126]) Re. 1896, 70; 1897, 71; 1898, 64; 1899 и 1900, 74 и 32.

силениот извоз на ријечкиот шеќер во Турција. Цената варирала во минимален сразмер. Движењето во извозот на шеќерот изгледало како што следува:

| Година | количина | | цена | вредност | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1879 | 100 | q. | 33 | 3.300 | ф. |
| 1882 | 656 | — | 33 | 21.648 | — |
| 1883 | 5.859 | — | 34 | 199.206 | — |
| 1884 | 4.789 | — | 14,06 | 673.470 | —[127]) |
| 1885 | 18.338 | — | 30 | 550.140 | — |
| 1886 | 15.233 | — | 30 | 456.990 | — |
| 1887 | 14.018 | — | 30 | 420.540 | — |
| 1888 | 6.776 | — | 30 | 203.280 | — |
| 1889 | 25 | — | 28 | 700 | — |
| 1890 | 19.944,0 | — | 30 | 598.320,0 | — |
| 1891 | 43.184 | — | 30 | 1.295.520 | — |
| 1892 | 14.778 | — | 30 | 443.340 | — |
| 1893 | 25.044 | — | 30 | 751.320 | — |
| 1894 | 8.752 | — (до 30 јуни | 30 | 262.560 | —[128]) |
| 1895 | 48.409 | — | — | — | |
| 1896 | 63.991 | — | — | — | |
| 1897 | 80.199 | — | — | — | |
| 1898 | 89.573 | — | — | — | |
| 1899 | 117.248 | — | — | — | |
| 1900 | 79.072 | —[129]) | — | — | |

## 9. *Кафе*

Исто така и кафето било барано во Турција. Веројатно е дека кафето што било од Ријека извезувано за Турција било по потекло од Бразилија. Количината и вредноста на извезеното кафе во Турција, било какошто следува:

[127]) Според друг податок во истава година било извезено 11.449 центически метра шеќер. (Ra. 1884, 26).

[128]) DAR. P. O., № 5707, 25-X-1894.

[129]) Re. 1895, 52; 1896, 54; 1897, 54; 1898, 47; 1899 и 1900, 55 и 11.

| Година | количрна | цена | вредност |
|---|---|---|---|
| 1879 | 11 q. | 107 | 1.177 ф. |
| 1881 | 1 — | 107 | 107 — |
| 1882 | 311 — | 107 | 33.277 — |
| 1883 | 2.785 — | 90 | 250.650 — |
| 1884 | 1.920 — | 90 | 172.800 — |
| 1885 | 1.028 — | 90 | 92.520 — |
| 1886 | 5.402 — | 90 | 486.180 — |
| 1887 | 4.765 — | 90 | 428.850 — |
| 1888 | 2.369 — | 90 | 213.210 — |
| 1890 | 89 — | 90 | 8.010 — |
| 1891 | 210 — | 90 | 19.710 — |
| 1892 | 853 — | 90 | 76.770 — |
| 1893 | 1.018 — | 90 | 91.620 — |
| 1894 | 99 (од 30-VI) | 90 | 8.910[130]) |
| 1895 | 578 — | — | — |
| 1896 | 2.120 — | — | — |
| 1897 | 878 — | — | — |
| 1899 | 92 — | — | — |
| 1900 | 942 —[131]) | — | — |

## 10. *Петрол*

Производите на ријечката рафинерија за нафта биле исто така забележителни во извозот за Турција За извоз служеле разни артикли, меѓу кои нарочито се истакнувал рафинираниот петрол. Табеларниот преглед на неговиот извоз во Турција изгледал како што следува:

| Години | количина | цена | вредност |
|---|---|---|---|
| 1880 | 2 q. | 15 | 30 ф. |
| 1882 | 532 — | 15 | 7.980 — |
| 1883 | 1.243 — | 12 | 14.916 — |
| 1884 | 917 — | 12 | 11.004 — |
| 1885 | 46 — | 12 | 552 — |
| 1886 | 438 — | 12 | 5.256 — |
| 1887 | 62 — | 12 | 744 — |
| 1888 | 10 — | 12 | 120 —[132]) |

[130]) DAR. P. O., № 5707, 25-X- 1894.
[131]) Re. 1895, 49; 1896, 51; 1897, 51; 1898, 43; 1900, 7.
[132]) DAR. P. O., № 5707, 25.X-1894.

### 11. *Други производи*

Покрај изнесените понапред производи, што се извезувале во Турција, се извезувале и други, но во помали количани.

На прво место доаѓале некои земјоделски и индустриски артикли. По 1880 година особено се засилил извозот на очистениот ориз. Табеларниот преглед на неговиот извоз бил какошто следува:

| Години | количина | цена | вредност |
|---|---|---|---|
| 1880 | 1 q. | 15 | 15 ф. |
| 1882 | 12 – | 15 | 180 – |
| 1883 | 3.491 – | 13 | 45.383 – |
| 1884 | 5.215 – | 13 | 67.795 – |
| 1885 | 6.375 – | 13 | 82.875 – |
| 1886 | 4.146 – | 13 | 53.898 – |
| 1887 | 4.115 – | 13 | 53.495 – |
| 1888 | 3.775 – | 11,62 | 43.875 – |
| 1889 | 595 – | 13 | 7.735 – |
| 1890 | 2.514 – | 13 | 32.682 – |
| 1891 | 4.500 – | 13 | 58.500 – |
| 1892 | 1.076 – | 13 | 13.988 – |
| 1893 | 449 – | 13 | 5.837 – |
| 1894 | 250 (до 30 јуни) | 13 | 3.250 –[133]) |

Покрај што се внесувал од Турција, јачменот се извезувал и од Ријека за Турција и тоа изчистен. Табеларниот преглед бил какошто следува:

| Години | количина | цена | вредност |
|---|---|---|---|
| 1887 | 740 q | 8 | 5.920 ф. |
| 1890 | 275 – | 8 | 2.200 – |
| 1891 | 101 – | 8 | 808 – |
| 1892 | 75 – | 8 | 600 – |
| 1893 | 120 – | 8 | 960 – |
| 1894 | 130 (до 30. VI.) | 8 | 1.040 –[134]) |
| 1895 | 867 – | – | – |
| 1896 | 121 – | – | – |
| 1897 | 413 – | – | – |
| 1898 | 108 –[135]) | – | – |
| 1900 | 50 – | – | – |

[133]) Ibidem.
[134]) Ibidem.
[135]) Re. 1895, 53; 1896. 57; 1897, 57; 1898, 48; 1900, 13.

Од Ријека се извезувало за Турција и сено. Во 1878 година било извезено 401 квинтал во вредност од 1.604 форинти, а после една година 460 квинтали во вредност од 1.840 форинти.[136] Од оваа бранша биле извозувани уште грав (486 квинтали во вредност од 5.346 ф. во 1883[137]), памук, суво и фришко овошје, пченка, компир, кромит, пченица и друго.

Од Ријека биле извезувани за Турција и алкохолни пијалоци, како вино и вински производи, рум, ликер, пиво (1887:364 q., 6.552 ф; 1888:440 q. 7.920 ф.[138]), ракија (1892:102 q., 3.060 ф.[139]), коњак и друго. Например табеларниот преглед за извозот на оцетот изгледал какошто следува:

| Години | количина | цена | вредност |
|---|---|---|---|
| 1887 | 204 q. | 30 | 6.120 ф. |
| 1888 | 126 — | 30 | 3.780 — |
| 1890 | 1.315 — | 30 | 39.450 — |
| 1891 | 6.860 — | 30 | 205.800 — |
| 1892 | 17.245 — | 30 | 517.350 — |
| 1893 | 16.554 — | 30 | 496.680 — |
| 1894 | 2.083 (до 30-VI) | 30 | 62.490 —[140] |
| 1896 | 14.044 — | — | — |
| 1897 | 1.055 — | — | — |
| 1898 | 4.920 — | — | — |
| 1900 | 23.352 —[141] | — | — |

Од канцелариските материјали од Ријека било извезувано за Турција и мастило. Неговиот извоз бил во помали количини. Табеларниот преглед во извозот на овој артукал изгледал какошто следува:

| Години | количина | цена | вредност |
|---|---|---|---|
| 1886 | 38 q. | 50 | 1.900 ф. |
| 1887 | 50 — | 50 | 2.500 — |
| 1888 | 55 — | 50 | 2.750 — |
| 1891 | 26 — | 50 | 1.300 — |
| 1892 | 4 — | 50 | 200 — |
| 1893 | 9 — | 50 | 450 —[142] |

[136]) DAR. P. O., № 5707, 25-X-1894.
[137]) Ibidem.
[138]) Ibidem.
[139]) Ibidem.
[140]) Ibidem.
[141]) Re. 1896, 68; 1897, 69; 1898 и 1900, 62 и 29.
[142]) DAR. P. O., № 5707, 25-X-1894.

Од Ријека биле извозувани за Турција и други разни производи, но поредко и во помали количини. Во 1884 г. биле извезени 14.000 парчиња цигли и црепови во вредност од 196 форинти, а во 1890 г. 4.598 во вредност од 17.424 ф.[143]). Во сосема незнатни количини биле извезувани: разни бои, сол, иловача, нови вреќи, графит, цемент, катран, минерална вода, свеќи, солена риба, четки и метли, сапун, буриња, шапки, паркет (1890 : 300 q.—2.000 ф.[144]), разна галантериска и кинкалериска стока, туткал, инки (1894 : 100 q., 1600 ф.[145]), воденични камени (1894 : 609 q., 12.180 ф.[146]), асфалт (1892 : 200 q.[147]), путер, смола, работи во мрамор, музички инструменти и друго. Меѓутоа со ова листата не се исцрпува. Сето изнесено е доволно сведоштво дека ријечките капиталистички кругови, како што биле живо заинтересирании да го прошируваат турскиот внос, така и настојувале што повеќе да се зголеми ријечкиот извоз за Турција, со цол да ги зафати нејзините пазари.

## III. ТРАНЗИТНАТА ТРГОВИЈА

Поволната положба како на Ријека, така и на Турција, овозможувала преку нив да се развие и транзитната трговија. Како основа за реголисање односите во овој правец, послужил трговскиот договор од 1962 година[148]), Покрај тоа, се пројавувале многу чести настојувања за овозможување на пораширен развиток на транзитот.

### 1. *Настојувања за развитокот на транзитот помеѓу Ријека и Турција*

Поголеми нстојувања во поглед развитокот на транзитот се пројавиле нарочно по зачестените градби на железничките пруги во Турција и нивното поврзување со средноевропските магистрали, а во врска со тоа и со Ријека. Во „Извештајот" на ријечката Трговска комора од 1880 година, се подвлекло ова прашање, а нарочно ползата на Ријека од развивање на транзитот. Првенствено се потенцира ло значењето на железничката пруга Будимпешта – Земун, која отварала пат за Исток. Преку оваа магистрала, нарочно по поврзување на Земун со Митровица и натаму со Солун, се овозможувало отварање на меѓународен транзит од прв ред. Оваа важност ја подвлекувале и британските дипломатски службеници во Солун, во своите извештаи до Форењ Офис. Од посебен интерес во врска со ова се извештаите на британскиот конзул во Солун J. E. Блунт од 7-IV-1888 г.[149])

143) Ibidem.
144) Ibidem.
145) Ibidem.
146) Ibidem.
147) Re. 1892, 44.
148) Noradounghian, Recueil III, 197. (чл. X).
149) PRO—FO. 78/4119. Turkey. Salonica, 1888.;

и од 27-II-1890 г.[149a]). Во овој транзит улогата иа Ријека била поволна, зашто и се отварале можности за пласман на стоките и по суво иако од друга страна поморската трговија одбележила извесна стагнација во своето движение[150]). Така реперкусиите од аспектите на последново прашање биле често забележувани меѓу ријечките трговски фактори. Во едно писмо од 26 март 1888 година, ријечката Трговска комора укажала на ријечкиот Губерниј на штетата што можела да биде нанесена иа ријечката поморска трговија од пругата Белград —Солун. Се укажувало дека Ријека во случаајов губела од својата поморска трговија[151]).

Меѓутоа, и овдека имале збор унгарските капиталистички кругови. За да би ги пласирале своите производи на турските пазари, тие често ја подвлекувале положбата од поврзување преку железничките линии со Турција. Во овие свои трансакции Унгарија предимно се раководела од интересите на своето капиталистичко стопанство и во нив ја вклопувала и Ријека, не водејќи толку сметка за нејзините интереси во поморската трговија. Колку бил голем интересот на Унгарија по ова прашање, сведочи и фактот, што унгарската Дирекција на железниците во едно писмо од 8 јануари 1891 година, упатено до ријечката Трговска комора, укажала дека отворила свое преставништво во Цариград и за свој преставник го назначила Hermann Back[152]). Слична агенција била отворена и во Солун, за чиј претставник бил назначен J. Déchy, за што укажала унгарската Дирекција на железниците во едно писмо од 12 август 1891 година, упатено до ријечката Трговска комора. Во истово писмо се подвлекло и значењето за поврзување со Солун и ползата од тоа и за Ријека[153]).

## 2. *Прописи за транзитната трговија помеѓу Ријека и Турција*

За развивање на транзитот што се одвивал преку Ријека и преку Турција, биле издавани специјални прописи. Турската Генерална администрација на цариите во еден званичен распис за Цариините од 17 април 1863 година укажала и за некои одредби во поглед на транзитот. Според овој распис сите стоки што биле наменети за транзит по суво плаќале една такса за посета. Во исто време се поднесувале и преставувале документи, од кои се виѓавало дека стоката била наменета за транзит[154]). Обично транзитната такса била дефинитивно фиксирана од 1% при вносот и извозот на стоката наменета за транзит, за експедирање во други земји[155]).

---

[149]a) PRO.—FO. 78/4288. Turkey Salonika 1890.

[150]) Ra. 1880, 7—8.

[151]) DAR. Gubern., № 331, 2-IV-1888.

[152]) DAR. T. K., № 257, 17-I-1891.

[153]) DAR. T. K. № 2829/85.366. c. II., 31-VIII-1891.

[154]) Aristarchi, Lég. Ottomane I, 370—381.

[155]) Noradounghian, Recueil III, 197.

На четворната железничка конференција од 1883 година, се донеле одредби и во поглед на транзитната трговија. Обично транзитот преку железниците се одвивал според постојните тарифи. Тие биле прилагодени според таканаречените транзитни ставови во правец на Германија кон Исток[156]).

Интересни биле и некои прописи за транзитната трговија, во кои била засегнувана и Ријека. Ријечката Поморска област во еден циркулар од 19 септември 1885 годиоа, упатен до ријечката Трговска комора, укажала дека бил забранет не само вносот, туку и транзитот на говеда преку ријечкото пристаниште по потекло од Турција[157]).

Чести биле укажувањата на прописите од новововедените транзитни тарифи. Унгарската Дирекција на железниците во едно писмо упатено до ријечката Трговска комора од 28 декември 1887 година, обрнала внимание на стоките што биле опфатени во специјалната тарифа за сообраќај во правец на Бугарија и Турција.[158]).

Настојувања за смалување на транзитните такси пројавувале и некои комисионери и шпедитори од Турција. Комисионерот и шпедитерот Б. Г. Сухор од Дедеагач, специјалист за транзитна трговија, во едно писмо упатено до ријечката Трговска комора, примено на 30 јули 1888 година, ги препорачувал своите услуги во поглед на транзитот и инсистирал за смалување на таксите по железниците[159]).

За правилното одвивање на транзитниот сообраќај via Солун, било потребно да се исполнат низа формалности. Во таа смисла,,Адрија'' во едно писмо, упатено до ријечката Трговска комора, од 12 октомври 1891 година, укажала дека за транзит на стока преку Србија во правец via Солун, била потребна дозвола од српската царинарница. Тоа нарочно важело за англиската стока што од via Ријека се упатувала на југ. Таа стока се оцаринувала со големи такси. Се инсистирало таксата во правецот via Ријека—via Солун, што изнесувала 80 и 100 франка за вагон, да се намали[160]).

Преку овие прописи се овозможувал. во извесна смисла, правилниот транзитен сообраќај помеѓу Ријека и Турција.

### 3. *Некои податоци за транзитниот сообраќај на Ријека со Турција*

Транзитниот сообраќај на Ријека со Турција се одвивал во неколку правци. Обично движењето на трговијата по суво се одвивало по транзитен пат преку Србија. Освен тоа стоките од Ријека, што биле наменети за извоз во правец на Персија и за други земји и обратно, минувале по транзитен пат преку Турција. Исто така и стоки од Турција, што биле наменети за извоз во правец на средноевропските земји и обратно, мину-

---

[156]) Gorničić — Brdovački, Razvitak željeznica.., 102.
[157]) DAR. T, K., № 1729/4387, 22-IX-1885.
[158]) DAR. T. K., № 64/81. 133. c. I., 14-I-1888.
[159]) DAR. T. K. № 1472, 30-VII-1888.
[160]) DAR. T. K., № 33.401, 13-X-1891.

вале по транзитен пат преку Ријека. Сиов овој сообраќај доколку од него зависел вносот и извозот на Ријека и Турција, се вклопувал во општото нивно движење. Инаку не е ни возможно, бидејќи не располагаме со голем број материјали, ова прашање да се третира од подруг аспект.

Единствено возможно е да се обрне внимание на некои податоци од транзитниот сообраќај, што било во врска со улогата на австро-унгарските, посебно на ријечките кораби, во префрлување на стоки од други земји наменети за Турција.

Соопштенија за ова прашање наоѓаме во некои објавени статистики за пловидбата на корабите по долг курс од унгарско-хрватскиот брег. Во еден извештај, од 1.IX.1870 до 1.IX.1871 година[161]), даден е преглед на тие кораби, поспецијално за нивниот транзит на стоки од разни земји наменети за Турција. Од овие соопштенија го утврдуваме правецот од каде биле упатени овие кораби и за каде биле одредени, со означување бројот на корабите, тонажата и карактерот на товарот. Изнесено е дека во извештајниот период еден кораб со 491 тони од Анверс пренесувал во Цариград железо. Друг кораб од Ардросан со 561 тони пренесувал во Цариград јаглен. Истакнати се и податоци на кораби кои од Одеса, Николаеф или Бердјанск, пренесувале во Цариград или во Солун пченица. Изнесени се податоци и за пренос на јаглен од Кардиф и Ливерпул за Цариград и Смирна. Даден е преглед и на оние кораби од Марсеј, Ѓенова, Неапол и други, што упловувале во Царигра, Солун и Смирна без товар.[162]) Скоро сличниве податоци ги констатиравме и во статистичките прегледи од 1873 г.[163]) и 1878 г.[164]). Меѓутоа, не е возможно и со нив да се даде дефинитивна слика на транзитот помеѓу Ријека и Турција. Ова прашање возможно е единствено да се разгледува во општиот збир на движењето на вносот и извозот помеѓу Ријека и Турција и во нивната меѓусебна пловидба.

## IV. ПЛОВИДБАТА

### 1. *Општи податоци за пловидбата на Ријека со Турција*

Поголемиот дел од ријечко-турската трговска размена се одвивал преку поморски транспорт. Затоа е нарочно потребно во склопот на ријечко-турските трговски врски да се обрне внимание и на нивната меѓусебна пловидба. Ова прашање е дотолку важно, што тоа чини составен дел во третманот на поставената тема.

Материјали за меѓусебната ријечко-турска пловидба наоѓаме најпрвин во споменатите „Извештаи" на ријечката Трговска комора од од 1853—1900 г. Во нив е даден преглед на упловените и исловените кораби во ријечкото пристаниште од и за Турција. Посебно е одбележано

---

[161]) Statistica dei viaggi fatti dal 1. Settembre 1870 al 1. Settembre 1871 dai bastimenti di Lungo Corso del Litorale Ungaro-Croato. Fiume 1872, 11—22.

[162] Ibidem.

[163]) Statistica—1-IX-1871—1-IX-1872. Fiume 1873, 11—26.

[164]) Statistica—1-I-XII-1677—Fiume 1878, 9—39.

и знамето на упловените и исловените кораби во ријечкото пристаниште. Обично е наведено знамето на корабите што пловеле, како под „турско" и друго, нарочно „австро-унгарско" или само „унгарско". Освен тоа, секогаш е даден бројот на упловените и иплoвените кораби, нивната тонажа и вредноста на товарот. Податоци за упловените и исплoвените кораби во ријечкото пристаниште под „турско" знаме изнесени се скоро за сите 50 години (освен за 1889 и 1893 г.). А податоци за упловените и исплoвените кораби во ријечкото пристаниште од и за Турција под „друго" знаме, изнесени се само до 1888 година.

Интересно е како биле добивани податоците за пловидбата во ријечката Трговска комора. Индиции за ова наоѓаме во фондовите на ријечката Трговиска комора. Таму наидовме на некои специјални формулари што ги издавала Трговската комора до Поморската област, која ги пополнувала податоците и потем ги поднесувала до комората.

Освен во „Извештаите" бројни податоци за ријечко-турската пловидба наоѓаме и во други изворни материјали. На прво место потребно е да се наспомне статистичкиот преглед на пловидбата на Ријека за период од 70 години (1814—1884), што бил објавен во Ријека 1885 г.[165]). Овој преглед бил приготвен и публикуван од ријечката Поморска област по случај унгарската генерална изложба, која се одржала во текот на 1885 г. Во прегледот се изнесени податоци за упловените и исплoвените кораби во ријечкото пристаниште од и за Турција и за периодот од 1850—1884 г. Посебно е одбележано знамето под кое упловувале корабите од и за Турција. Податоците за упловените и исплoвените кораби под „турско" знаме се дадени одделно од тие под друго знаме. Секогаш е даден бројот на упловените и исплoвените кораби, нивната тонажа, а по редко вредноста на истовареената и утовареената стока.

Податоци за ријечко-турската пловидба наидуваме и во други изворни материјали, но поредко во специјалните осврти за вкупната пловидба на Ријека[166]).

Преку овие материјали дадена ни е можност да го следиме движењето на меѓусебната ријечко-турска пловидба и да се осврнеме на прашањата што се блиско поврзани со неа.

## 2. *Прописи за пловидбата преку ријечкото пристаниште*

Ријечко-турската пловидба во втората половина од XIX век, била регулисана од бројни услови, кои го овозможувале нејзиниот правилен развиток. Во прв ред тука спаѓале разни прописи и одредби издавани во Ријека, за кои биле должни да се придржуваат упловените и

[165]) Fiume kikotojének hajózási forgalma az utolsó 70 évben. Fiume 1985 (не е пагинирано).

[166]) Од интерес е работата на J. Pfundner „Die osterreichische Handelsschiffahrt im Ausland von 1850—1870". која е работена според конзулските извештаи и ја третира пловидбата на Австрија со Подунавието, Албанија, Грција и Турција. (E. Thorni Wiener Dissertationen zur Geschichte Südosteuropas. I. Südost-Forschungen XV (1956), 564—557).

исплoвените кораби од домашно и странско потекло. Освен тоа, екипажот на домашните кораби бил должен да се раководи од правилата и специјалните задолжувања при пловидбата. Во законскиот член VI од 24 декември 1867 г., нотифициран на 6 март 1869 г. од министерството за трговија, биле подвлечени поставките околу задолжувањата на екипажот на корабите. Секој кораб се регистрирал кај Поморската област и пристанишната капетанија и тоа со име, тонажа, градба (време на градбата) и посебно за екипажот. Одделно се подвлекувал правецот на патувањето, од каде се доставувала заверена потврда од австро-унгарските конзулати во односната странска земја.[167]). За екипажот се заведувале и посебни документи. Било установено уште од 1864 г. дека за секој брод се пополнувале два листа со список на лицата и промена во екипажот[168]). Одделно секој член на екипажот поседувал „Matricola", со означување на коработ, неговиот капетан и правецот на патот[169]).

Посебни прописи биле издадени во поглед на таксите што се плаќале во ријечкото пристаниште. Во законскиот член XXXII од 1883, публикуван на 5 јуни истата година изнесени ес правилата на пристанишните такси во Ријека[170]). Секој кораб што упловувал во пристаништето плаќал такса кај пристанишните власти. Одмерувањето на таксата се вршело за секој одделен кораб според чистата тонажа. Се предвидувале разни случаи при плаќањето на таксите[171]). Обично била установена следнава скала при плаќање на такси:

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| од | 26 | до | 50 | тони | 4 | солди | (врста на австро-унгарска |
| — | 51 | — | 100 | — | 8 | — | ситна пара). |
| — | 101 | — | 150 | — | 15 | — | за секоја |
| — | 151 | — | 200 | — | 20 | — | тона регистар |
| — | 201 | — | 300 | — | 25 | — | |
| — | 301 | — | 400 | — | 30 | — | |
| други | | над | 400 | — | 38 | — | |

Овие такси се однесувале и до странските кораби со тоа што тие се изедначувале со наведените такси плус 1.50 форинти за секоја тона регистар[172]). За оние кораби под 25 тони се предвидувале посебни мерки во плаќањето на санитетот, светилниците и карантената[173]).

---

[167]) Progetto di Legge sul diritto spettante ai bastimenti della marina mercantile d'inalberare la bandiera austroungarica e sulla tenuta dei registri dei bastimenti. (DAR. T. K., № 216, 11-VI-1869).

[168]) Marina Mercantile Austriaca. Ruolo p' Equipaggio e Contrato d' Jngaggio. (DAR. T. K., № 152/1864).

[169]) DAR. T. K., № 528/1125, 20-VII-1864.

[170]) 1883. Évi XXXII. Torvényczikk a kikötöi illetékröl. (Articolo di legge XXXII dell'anno 1883 sulla tassa portuale). Fiume 1883 (Истото е објавено во: Annuario Marittimo Ungarico per l'anno 1892. Fiume 1892, 449—453).

[171]) Ibidem, чл. 1—3.

[172]) Ibidem, чл. 4.

[173]) Ibidem, чл. 10.

Посебно биле донесени одредби во поглед на таксите за санитетот и поморската карантена, а некои и за санитетската контрола. Прописите за ова прашање биле подвлечени од законот од 1865 г., што биле публикуван со инструкцијата од 1872 г., во издание на ријечката Поморска област[174]). Во овие прописи било истакнато дека секој кораб што упловувал бил изложуван на станитарна контрола од страна на санитарните органи. Се предвидувале такси според тонажата и тоа 30% за параплoвите. За странските кораби без разлика на носивоста се зимало 1 форинт и 10 солди на тон. Посебно се предвидувале мерки во поглед плаќањето такси за служење со карантената. Секоја стока што била пренесувана од корабите во пристаништето се прегледувала и се отаксувала. Стоката се прегледувала и ако не била заразена се пуштала слободно за продажба.[175]) Во посебната Инструкција од 1872 г. во чл. 4 и 7 била опфатена Турција и нејзините територии и тоа за плаќање на таксите за санитетската контрола и карантена[176]).

Во врска со санитетската контрола спаѓале и мерките во случај ширење на холерата. Уште во јуни 1849 г. било донесено Упатство за контрола на корабите што доаѓале од земјите заразени со холера, нарочно „iz turskih stranah"[177]). Во оваа смисла се донела „Инструкција" во 1872 г., со која била засилена санитетската контрола над упловените и исплoвените кораби[178]). Во врска со ова прашање било и издавањето одделна „Програма" за одржување хигиена на корабите, публикувана во 1876 г.[179]). Со овие прописи се овозможувало правилно одвивање на пловидбата преку ријечкото пристаниште, од кои била зависна и меѓусебната ријечко-турска пловидба.

### 3. *Турски прописи за пловидбата преку нејзините пристаништа*

И за правилното одвивање на пловидбата преку турските пристаништа постоеле бројни прописи, од кои зависела меѓусебната ријечко-турска пловидба.

Уште со самото пристигнување во турските пристаништа, капетаните на странските кораби биле должни да ги поднесат пашапортите на пристанишните власти. Секој што сакал да мине во Империјата бил должен да се снабди со документ од корабната книга на својот кораб, потврда од капетанот или потврда од конзулот на својата држава. Врз основа на тие документи се издавало патно тескере. За морнарите важеле и потврдите што ги издале конзулите[180]). Освен тоа,

---

[174]) Legge del 25-II-1765 sui diritti di tonellaggio, di sanità e contumacia marittima. R. Gov. Marittimo in Fiume. Maggio 1872 (№ 999, 3—20).

[175]) Ibidem.

[176]) DAR. T. K., № 412/999, 6-V-1872.

[177]) Državni arhiv Zagreb, Riečka Županija, № 672, 4-VI-1849.

[178]) Istruzione per prevenire possibilmente a bordo dei bastimenti, durante il viaggio, lo sviluppo del Cholera asiatico nei casi di epidemia cholerosa. (DAR. T. K., № 656/2037, 20-VII-1872).

[179]) Programma per l'esame sulla igiene navale. (DAR. P. O., № 2616, 1876).

[180]) Aristarchi, Lég. Ottomane II, 100—102;

сите оние кораби, кои немале постојани агентури во одреденото турско пристаниште биле должни да имаат специјална дозвола од турскиот конзул во местото на поаѓањето, во противен случај плаќале двојна царина[181]).

Странските кораби биле подложни и на отаксување за премин низ Архипелагот и во другите турски поморски делови. Според тарифата од 1872 година секој кораб што минувал низ Архипелагот и се задржувал во Цариград плаќал по 40 пари за секоја тона до 800 тони, а по 20 пари над 800 тони. Корабите што преминувале од Дарданелите кон босфорот плаќале за секоја тона до 800 тони по 60 пари и за секоја тона над 800 тони по 30 пари. Кораби што претстојувале помеѓу Цариград и Црно море, за секоја тона до 800 тони плаќале по 30 пари, а над 15 пари. Корабите што се задржувале на островите пред навлезот во Дарданелите, плаќале по 12 пари за секоја тона до 800 тони, а над 6 пари. Посебни такси биле предвидени за корабите на локалниот сообраќај[182]).

Посебни правила во 1874 година биле донесени за Цариградското пристаниште. Сите кораби што влегувале во границите на ова пристаниште должни биле да се подчинат за плаќање на односни такси. Корабите што вршеле трговски операции плаќале по 4 пари за тона турска при еден боравок не повеќе од 4 дена и 8 пари за еден боравок подолг од тој. Корабите под 800 тони плаќале 4 или 8 пари во траење на сиот боравок. За преку 800 тони таксата се редуцирала на половина. Такси се плаќале и за укажување патоказот низ морето и тоа во специјалното Биро за странски кораби. Исто така и за службата при врзување на корабите се плаќале такси. Меѓутоа, за оваа цел секоја пловидбена компанија имала своја служба[183]). Тарифи во оваа смисла биле донесувани и натаму[184]).

Специјални одредби биле донесени и во поглед на преминот преку Проливите. Според една одредба од 1859 година, секој кораб што поминувал низ Дарданелите за време на ноќта морал да употреби оган од батеријата за да добие влез или излез[185]). Ова прашање било регулирано со Правилата, донесени во 1870 година. Според овие Правила корабите што минувале низ Проливите, како преку денот, така и преку ноќта, морале да предадат ферман за премин. Овој ферман и слични на него дозволи, го издало Бирото за фермани кај Високата Порта, со плаќање на односна такса[186]).

Во врска со правилното одвивање на пловидбата спаѓала и одредбата на отоманската влада од 1877 година, со означување на

---

[181]) Види; Appendice V, 80; Ekonomske bilješke. Novi list, 254, 8-XI-1900, 3; Исто: Inozemni brodovi u Turskoj. Novi List 257, 12-XI-1900, 3.

[182]) DAR. P. O., 2288—72/5—185. 872, 10-VIII-1872.

[183]) Aristarchi, Lég. Ottomane IV, 521—530.

[184]) Нарочно била важна тарифата од 1900, која се однесувала за Цариградскиот брег. (DAR. T. K., № 656—1900).

[185]) Avvisi ai Naviganti. Osser. Triestino 288, 19-XII-1859.

[186]) Aristarchi, Lég. Ottomane IV, 519—520,

местата за усидрување на пристаништата во Дарданелите и Босфорот, како и за другите пристаништа[187]).

Мерки биле преземени и во поглед на светилниците. Светилниците во Турција биле установени по Кримската војна. Во влезот на Дарданелите, во Црно море и во другите пристаништа биле установени повеќе од 28 светилника. Со светилниците раководел и ги собирал таксите: „Société des phares de l'Empire Ottoman"[188]). Таксите за светилниците биле установени врз база на тонажата на корабите. За основа се зимала отоманската тона од 792 оки и со неа се изработувала специјална тарифа одделно за секоја странска држава. Капетаните на корабите во турските пристаништа се јавувале во Бирото за таксите на светилниците и го декларирале местото на потеклото и правецот каде се упатувал коработ, при тоа плаќање такса за светилниците според тарифата. При влез и излез од едно пристаниште, капетаните на корабите биле должни да дадат потврда на платена такса за светилниците[189]). Тарифите за светилниците биле специјално одредени за странските кораби. Обично турската тона била изедначувана со странската и според тоа била одредувана и таксата[190]). За австро-унгарските кораби било одредено, турската тона од 800 тони да е равна на 993 австриски тони. Според овој сразмер била и одредена тарифа од 1—800 тони разделена во 7 категории[191]). Биле регулирани таксите и за корабите над 800 тони, додека корабите помалу од 5 тони биле ослободени од сите такси[192]).

За овозможување на полесниот прилез кон пристаништата биле издавани и специјални упатствата[193]).

Строги мерки нарочно биле преземени во поглед на санитетската контрола во турските пристаништа. При случајно појавување на холера или на холерични случаи на корабите или во пристаништата, веднаш се определувала десетодневна карантена. Стоката и коработ се дезинфицирале, а посадата и патниците биле сместувани во лазарет[194]).

За изведување на санитетската контрола биле определени специјални такси. Според тарифата од 1872 година, санитетските такси се плаќале за секој кораб што упловувал во некое отоманско пристаниште. За трошоците на карантената се плаќало во карантенската куќа. Таксите биле определувани според тонажата на корабите. Во карантената такси се плаќале за санитетските стражари, за секоја личност што престојувала во лазаретот и за стоката. Трошковите за дезинфекција на

---

[187]) DAR. T. K., № 682/1579, 5-VII-1877 (Исто и во La Bilancia № 151, 6-VII-1877, 3).

[188]) Morawitz, Le Finances de la Turquie, 182.

[189]) Aristarchi, Lég. Ottomane IV, 530—532.

[190]) DAR. T. K., № 452, 4-XI-1868; Истово: Aristarchi, Lég. Ottomane IV, 534—533.

[191]) Тарифата за австроунгарските кораби била објавена во: Tarif des droits des Pharet de l' Empire Ottoman. Paris, s. a., 6 (DAR. T. K., № 452, 4-XI-1868).

[192]) DAR. T. K., № 452, 4-XI-1868; DAR. P. O., № 3632, 24-XII-1871; DAR. T. K., № 749/2288, 31-VIII-1872.

[193]) Ваквите упатства ги преиздавал како „Avvisi ai Naviganti"—Osser. Triestino, тие ги препраќал и на ријечките поморци.

[194]) Aristarchi. Lég. Ottomane III, 144—148.

корабите биле исто така подмирувани. За сите исплатени такси биле добивани потврди, кои потем се преставувале пред пристанишните власти[195]).

Сите кораби биле должни да поседуваат здравствен патент, кој потем го преставувале на здравствените стражари. Секој кораб што влегувал во Проливите обавезно примал здравствен стражар, кој вршел контрола по патот кон означеното пристаниште[196]).

Санитетската контрола биле уште повеќе засилена со тоа што Високата Порта уште од 1873 година, а нарочно во 1893 година, донела одредби за потребата сите кораби што упловувале во отоманските пристаништа да поседуваат санитетска потврда визирана од турскиот конзул во местото на поаѓањето. Во противен случај немало да се пуштат во турските пристаништа[197]).

За сите ови прописи, што ја овозможувале пловидбата преку турските пристаништа, биле заинтересирани и ријечките трговски и поморски фактори.

## 4, *Настојувања во Ријека за проширување на пловидбата со Турција*

Бројни настојувања се појавиле во Ријека за проширување на пловидбата со Турција.

Скоро сите настани што се одвивале во Турција, а биле во врска со пловидбата, биле следени во Ријека со голем интерес. Поспецијално трговските и поморските фактори пројавиле жив интерес околу прашањата поврзани со слободната пловидба низ Проливите. За ова прашање ријечката Трговска комора одржала и специјално заседание. На заседанието на Комората што било одржано на 7 април 1868 година, се изнеле предлози, што биле наменети да се предложат на отоманската влада. Во овие предлози се подвлекувала желбата да се овозможи слободен премин низ Босфорот и Дарданелите за време на денот и ноќта, не само за парапловите, туку тос да се прошири и на едреначите. Се подвлекла уште ползата од намалување таксите за пловидбата, нарочно за светилниците. Се барала слободна пловидба за сите кораби во секое време[198]). Ова прашање се подвлекло и во една званична публикација на комората од јули 1868 година, во одделот за „Слободниот премин низ теснаците на Босфорот и Дарданелите"[199]). И овдека се барало да се овозможи слободен премин и на едреначите преку ноќта низ Проливите и да се намалат бројните такси.

---

195) DAR. T. K., № 195/3801, 20-II-1872.

196) Aristarchi, Lég. Ottomane II, 129—130.

197) DAR. Kapetn. № 1224, 17-VIII-1873; DAR. P. O., № 5976, 21-X-1893; Писмо на Н. Ефенди до ријечкиот губерниј № 539/76, 13-X-1893 (DAR. Gubern. —1893).

198) DAR. T. K., № 452, 4-X-1868.

199) Libero passaggio dei stretti del Bosforo e dei Dardanelli Atti d'uffizio ed annunzi della Camera di commercio e d' Industria in Fiume. № 250, Fiume li 2 luglio 1868, 4. (DAR. T. K. № 250, 2-VII-1868).

Покрај ова ријечката комора образувала специјална комисија која имала за цел да го проучи ова прашање и да поднесе конкретни предлози до меродавните фактори. Нарочно се инсистирало да се регулира прашањето за слободно движење на плодвидбата во нормално време. Овие свои предлози комората ги изнела до сите странски преставници во Ријека, со настојување да се преземе една единствена акција за ургирање кај Високата Порта[200]).

Прашањето за намалување таксите на светилниците, во Ријека било поставувано многу често[201]). Така, група ријечки корабосопственици испратиле петиција (со 96 потписа) во 1868 година до Советот на империјата во Виена, во која се говори за пловидбата со Турција и задолжителните такси што требало таму да се плаќаат. Првенствено се инсистирало да се уреди нееднаквоста што постоела во поглед одредување сразмерот помеѓу австриската и турската тона при плаќање на таксите за светилниците. Исто така се барало да се заклучи една конвенција со која да се изврши реформа во постоеките такси[202]).

За ова прашање особено се задолжил веќе споменатиот Н. Пауновиќ, корабосопственик од Цариград, кој во своите настојувања за смалување на таксите ги известувал заинтересираните фактори во Ријека[203]). Со посебен распис од 14 јуни 1869 година, ријечката Трговска комора се задржала на настојувањата на Н. Пауновиќ. Тој нарочно се заложил да обрне внимание на Високата Порта за сторената грешка во калкулацијата за австриските кораби од 1862 до 7 октомври 1868 година. Оваа задача тој ја извршил во полза на корабосопствениците[204]).

Во Ријека со интерес се следеле натамошните чекори на Турција и на останатите држави за овозможување на слободната пловидба низ Проливите. Решенијата на Лондонската конференција за Проливите од 1871 година, биле доставени и до ријечките заинтересирани фактори. Со нив се овозможила слободната пловидба низ Проливите[205]). Вакви правила се донеле и натаму, нарочно во врска со прашањето за задржување во Проливите на корабите во време на војна. Со нив, исто така, биле известувани ријечките трговски и поморски фактори[206]).

За време на подготовките за руско-турската војна од 1877/78 година, факторите во Ријека биле известувани со решенијата на Високата Порта во врска со пловидбата. На 29 април 1877 година, австо-унгарската амбасата во Цариград известила дека за преминот низ Проливите биле потребни специјални одредби од турските војни власти. Нарочно преминот во ноќно време бил забранет[207]).

---

[200]) Ibidem.

[201]) За ова прашање објавил статија и ријечкиот секидневник „La Bilancia" (Tasse portuali e di lanternaggio nei porti della Turchia. № 44, 31-X-1868, 2—3).

[202]) DAR. T. K., № 453, 4-XI-1868.

[203]) Ibidem

[204]) DAR. T. K., № 197, 28-V-1869.

[205]) DAR. P. O., № 1011. 10-III-1871; DAR. P. O„ № 3464, 11-XII-1871.

[206]) DAR. P. O., № 381, 10-II-1872; Ibidem, P. O., № 510, 22-II-1872; Idem, № 522/5.185 23-II-1872; DAR. T. K., № 857, 14-XII-1876.

[207]) DAR. T. K., № 396/1023, 1-V-1877.

Во врска со објавувањето на руско-турската војна, австро-унгарскиот Совет на Империјата донел одредба, потврдена од унгарското министерство за внатрешни работи на 11 мај 1877 година, која била преставена и на ријечките заинтересирани фактори, за односот према објавената војна. Покрај другите решенија, според оваа одредба, им се забранило на корабите под австро-унгарско знаме да транспортираат трупи или оружје за завојуваните земји. Трговските операции можеле слободно да продолжат и покрај војната, но да се одбегнуваат загрозените од војната пристаништа[208]).

Со понатамошните настани сврзани околу пловидбата во Турција, биле исто така известувани ријечките заинтересирани фактори. Сето тоа било важен стимуланс на нивните настојувања за проширување на пловидбата со Турција.

## 5. *Преглед на меѓусебната ријечко-турска пловидба*

Прашањето за проширување на пловидбата со Турција условило да се постават на дневен ред низа моменти поврзани со неа. Во прв ред стоело прашањето да се обезбедат што повеќе пловидбени линии со Турција. Монополната положба на Лојд и на линиите со Турција, со Нагодбата донекаде била пореметена. Уште во текот на 1868 година во Будимпешта се одржала конференција на угледни стручњаци во врска со ова прашање. Тие поднеле предлог до надлежните фактори за поврзување на австрискиот Лојд во неговата линиска врска со Ријека. Овој предлог бил испратен и до ријечката Трговска комора, која го искажала мислењето за еден седмичен правец директно на Лојдовата пловидба од Крф за Ријека и обратно, во врска со правецот Цариград-Трст. Овој предлог бил мотивиран од потребата за издигање на ријечкиот пазар нарочно во поврзување со Левантот и Црното море[209]). Конечно ова прашање се решило со договорот помеѓу Лојд и унгарската влада од 1878 година, за кој станувашe збор порано. И со овој договор во голема мерка бил сочуван монополот на Трст, но бил и од значење за Ријека. Со него се овозможувала пловидбата и подобриот пласман на стоките за Турција. Така што била отворена нова линија: Ријека – Анкона – Бриндизи – Крф – Смирна (таканаречена „Грчко-ориентална" Greco-Orientale[210]).

Прашањето за проширување на пловидбените врски со Турција било поставувано многу често. Една комисија, што била натоварена да реферира во врска со левантинската служба на Лојд, поднела извештај на 18 октомври 1880 година до ријечката Трговска комора, во кој инсистирала за поголем развиток на левантинскиот сообраќај со Ријека. Се барало фаворизирање на трговските операции, нарочно

[208]) DAR. Gubern., № 505, 15-V-1877; DAR. T. K., № 457/1146, 17-V-1877; Исто и во „La Bilancia" № 109, 14-V-1877, 3.

[209]) DAR. T. K., № 250, 2-VII-1868.

[210]) Види: Bussolini, Della Imperiale privilegiata Compagnia Orientale 207—210; Исто: Fiume e le comunicazioni marittime. Studio e Lavoro № 80, 13-IV-1878.

преку линијата „Грчко-Ориентална“ и „Тесалија“ (Ријека – Крф – Пиреј – Воло – Солун – Кавала – Дедеагач – Цариград[211]).

По 1882 година, кога во Ријека започнале да се формираат пловидбени друштва, се настојувало да се потисне монополот на Лојд. Со заклучениот договор помеѓу унгарското министерство и „Адрија“, од 1882 година се задолжувала последнава компанија да ја развие пловидбата и во пристаништата на Црното море, специјално помеѓу Сулина и Цариград[212]). Во врска со ова прашање пишувал и Фр. Кучиник во една статија, подвлекувајќи дека „Адрија“ испратила од Ријека во Цариград свој преставник за проучување проектот за пловидбата по Црно море[213]).

Веќе конечно се утврдиле и пловидбените линии со Турција. Ријека била опфатена со линијата „Грчко-Ориентална“ (Ријека – Смирна и обратно) и линијата „Тесалија“ (Ријека преки Солун за Цариград и обратно). Освен преку овие линии, сообраќајот се одвивал и преку други, што ги организирале ријечките пловидбени друштва. Со отварањето на Коринтскиот канал (1893 година) се утврдила општата линија, еден правец: Ријека – Крф–Патрас – Пиреј – Воло – Солун – Кавала – Дедеагач – Цариград[214]).

Овие линии овозможувале да се развие, во знатна мера, меѓусебната ријечко-турска пловидба. За тоа колку оваа меѓусебна пловидба била развиена сведочат и извештаите на австро-унгарските конзули од Турција за пристигнати таму кораби од Ријека. На вакви материјали наидовме во голема бројност скоро во сите фондови на ријечкиот Државен архив. Тие извештаи третираат разни подробности во врска со пристигнувањето на корабите, нивните документи, околу екипажот, смена на капетаните и ду.[215]).

Меѓусебната ријечко-турска пловидба најрељефно се одбележувала во движењето на упловените и испловените кораби за и од ријечкото пристаниште. Прегледов на овој сообраќај покажувал нееднаков темпо во ријечко-турската пловидба. Така во 1850 година не упловиле, ниту испловиле од ријечкото пристаниште турски кораби, а само упловиле 9 товарени кораби со 644 тони од друго знаме и исто толку испловиле[216]). Во 1867 година веќе забележуваме дека упловиле 3 турски товарени кораби со 153 тони, а испловиле 2 товарени со 115 тони, а 1 празен со 38 тони. Во истата година под друго знаме

[211]) DAR. T. K., № 1364, 20-X-1880.

[212]) Annuario Marittimo Ungarico per l'anno 1871, 259.

[213]) Fluminensis, Lettere dalla Turchia. Salonicco 18. III. (La Bilancia № 68, 24-III-1892).

[214]) Види: Cirkolare № 58. Trieste, 15-XII-1892; Исто: Béla Gonda, A. Magyar Tengerészet, 97.

[215]) Поспецијално во фондовите, како на „Поморската област“, така и во „Капетанијата“ на ријечкиот Државен архив, сочувани се такви бројни документи во врска со пловидбата помеѓу Ријека и Турција, нарочно во поглед на преставувањето на документите за пристигнување на ријечките кораби во Турција. Изнесувањето на овие документи, дури и нотирањето, не е возможно, заради тоа што нив ги има во голема бројност.

[216]) Fiume kikötöjenek., за 1850 (не е пагинирано).

упловиле 27 товарени кораби со 3320 тони и испловиле 3 товарени со 89 тони и 14 празни со 7186 тони[217]). Ова движење со тек на време се зголемило и веќе од 1869 година, забележуваме и упловување на турски параплови и под друго знаме, но, и покрај тоа во пловидбата се повеќе преовладувале едреначите[218]). Во 1873 година констатираме дека упловиле 11 тунски товарени кораби со 596 тони, а испловиле 5 товарени со 261 тона, а празни 6 со 335 тони. Во истава година под друго знаме упловиле 50 едреначи со 3330 тони и 1 параплов празен од 135 тони, а испловиле 5 товарени едреначи од 390 тони и 29 празни то 2688 тони и 5 параплови со 3384 тони[219]). Во понатамошните години забележуваме извесно намалување на упловените турски кораби во ријечкото пристаниште, а зголемување под друго знаме. Во 1885 година упловиле само 2 турски товарени кораби со 53 тони, а испловиле 3 товарени со 326 тони. Во истава година под друго знаме упловиле 11 товарени едреначи со 806 тони и 1 празен со 31 тони, и 34 товарени параплови со 33.734 тони и 18 празни со 16.657. Во исто време испловиле 15 товареии едреначи со 418 тони и 1 празен со 989 тони и 52 товарени со 47.437 тони и 3 празни со 3.270 тони[220]). Понатаму одново намалувал бројот на упловените турски кораби во ријечкото пристаниште. Единствено оо 1900 година забележуваме дека упловиле 10 турски товарени кораби со 3.650 тони и испловиле 12 товарени со 6.930 тони[221]).

Во ова движење на меѓусебната ријечко-турска пловидба забележивме дека сразмерот во упловувањето и испловувањето на корабите од и за Европска и Азиатска Турција бил донекаде приближен. Во 1897–1899 година забележуваме вакво движење на сообраќајот:

| Земја | година | упловиле | | | | испловиле | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | товарени | | празни | | товарени | | празни | |
| | | број | тони | број | тони | број | тони | број | тони |
| Европ. | 1897 | 29 | 23.652 | 3 | 3177 | 29 | 28.486 | 18 | 23.034 |
| | 1898 | 49 | 43.203 | 2 | 2104 | 34 | 28.806 | 15 | 15.768 |
| Турц. | 1899 | 34 | 34.638 | 5 | 4600 | 25 | 18.451 | 13 | 22,505 |
| Аз. | 1897 | 26 | 23.526 | 1 | 813 | 26 | 24.109 | 3 | 4.455 |
| | 1898 | 26 | 27.447 | 1 | 805 | 18 | 15.796 | 1 | 1.288[222]) |
| Турц. | 1899 | 40 | 42.588 | — | — | 8 | 6.998 | — | — |

[217]) Ibidem, за 1867.
[218]) Ibid., за 1869.
[219]) Ibid., за 1873.
[220]) Ra. 1885, 81—82.
[221]) Re. 1900, 121. За илустрација како во печатот било објавувано пристигнувањето на некој кораб од Турција, наведуваме еден извадок од „Novi List" (Parabrod iz Male Azije. No 158, 14-VII-1900, 2), којшто гласи: Juče je prispio na Rijeku parabrod „Enterpe" iz Carigrada i Smirne, Pošto dolazi iz kužnih predjela to je parabrod poslat na karantenu u Martinšicu."
[222]) Statisztikai Adatok, 110.

Движењето на ријечко-турската пловидба било изведувано не само од турски, австро-унгарски, односно ријечки кораби, туку и од италијански, англиски, грчки и други кораби. Според еден преглед од 1899 година, пловидбата на Ријека, за Европска и Азиатска Турција изведена од кораби под разно знаме изгледала како што следува:

Кораби што упловиле и испловиле под тоа знаме

| | | | унгар. | | австрис. | | италиј. | | англ. | | грчк | | разни | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | бр. | т. | бр. | т. | бр. | т. | бр. | т. | бр. | т. | бр. | т. |
| Упловиле | Евр. Т. | Парапл. | — | — | 35 | 38.943 | — | — | — | — | — | — | — | — |
| | | Едренач. | — | — | — | — | 1 | 20 | — | — | — | — | 3 | 275 |
| | Аз. Турц. | Парапл. | — | — | 40 | 42.588 | — | — | — | — | — | — | — | — |
| Испловиле | Евр. Т. | Парапл. | 1 | 1.604 | 19 | 17.668 | 1 | 777 | 10 | 19.479 | 1 | 645 | — | — |
| | | Едренач. | — | — | — | — | 1 | 312 | — | — | 2 | 209 | 3 | 262 |
| | Аз. Тур. | Парапл. | — | — | 6 | 6.252 | — | — | — | — | — | — | — | — |
| | | Едренач. | 1 | 448 | — | — | — | — | — | — | — | — | 1 | 298[223]) |

Приближен бил донекаде и односот на упловените и испловените кораби од ријечкото пристаниште за одделни турски пристаништа. Во 1871 година од Ријека за Цариград испловиле 3 празни кораби со 1.694 тони[224]). Во 1872 година од Кавала за Ријека испловиле 3 кораби со 1.008 тони, со товар на тутун и пченка. Во истата година од Цариград за Ријека испловиле 2 кораба со 718 тони, со товар на пченица. Истава година од Ријека за Цариград испловил 1 празен кораб со 370 тони. Од Ријека исто така испловил 1 празен кораб со 192 тони за Солун. А во исто време од Солун испловиле 2 кораба со 384 тони, со товар на пченица[225]). Во 1877 година од Кавала за Ријека испловиле 2 кораби со 734 тони, со товар на тутун. Истава година од Солун за Ријека испловил 1 кораб со 37 тони, со товар на пченица[226]). Понатаму, пловидбата на Ријека се одвивала преку поглавните турски пристаништа и обратно.

## 6. *Некои особености од меѓусебната ријечко-турска пловидба*

Со меѓусебната ријечко-турска пловидба биле поврзани некои интересни особености. Во прв ред ријечките трговски фактори наблегнувале за изнајдување на поприкладни мерки за судската јурисдикција во поморските прашања. Се инсистирало да се установи една таква установа, што би ги решавала изникнатите спорни прашања[227]).

[223]) Ibidem, 112—113.
[224]) Statistica 1871. 14.
[225]) Statistika 1872, 17—26.
[226]) Statistica 1877, 20—23.
[227]) DAR. T. K., № 356/415, 20-IV-1878.

Во врска со ова изникнало и прашањето за зачестените продажби на кораби од страна на Ријечани во Турција. Во 1888 година коработ „Marietta W" штом упловил во Цариградското пристаниште бил продаден на еден отомански државјанин[228]). Во 1894 година во Скадар бил продаден коработ „Jemi", кој веднаш преминал под турско знаме[229]). Вакви примери имало доста во текот на втората половина од XIX век.

Интересно е и едно друго прашање што било поврзано со ријечко-турската пловидба. Тоа биле националните хрватски карактеристики во пловидбата. И колку да биле големи напорите на Австријците и на Унгарците, тие не можеле да ја задушат тенденцијата за националната припадност на кадрите во ријечко-турската пловидба. Скоро вп сите документи среќаваме на бројни хрватски називи на кораби (како напр. „Jugoslav", „Liepa Bakarka", „Sloboda", „Nuova Zora" и многу други). Освен тоа и според имињата на капетаните на корабите, а поспецијално на морнарите (како напр. А. Valentin, А. Рамиќ, (A. Ramich), Г. Франковиќ (G. Francovich), Ф. Лукиќ (F. Lucich), Г. Симуниќ (G. Simunich) и многу други[230]), утврдуваме дека во пловидбата играел многу важен фактор домашниот хрватски елемент. При своето пристигнување во Турција, односно во Македонија, многу е веројатно дека тие имале допири со Македонците и дека со нив усклaдувале врски во секој поглед. Се знае дека имало колонии од југословенски поморци во Цариград и веровaтно во Солун. Исто така дезертирањето на Хрватите-поморци од австро-унгарските кораби било многу често. Ова сведочи како факт дека можеле овие споменати поморци да влегуваат во допир со македонското население и во извесна смисла да придонесат за меѓусебно запознавање.

*Hristo-Andonov-Poljanski*

## DER HANDEL UND DIE SCHIFFAHRT ZWISCHEN RIJEKA (FIUME) UND DER TÜRKEI IN DER ZWEITEN HÄLFTE DES XIX JAHRHUNDERTS

### *ZUSAMMENFASSUNG*

Zum grossten Ausudrck kamen die Rijeka — türkischen Handelsbeziehungen im Ein u. Ausfuhrhandel.

Die industrielle Entwicklung von Rijeka erforderte die Sicherung von Rohprodukten auch von der Türkei. Wir bemerken daher in erster Linie die Notwendigkeit von türkischen landwirschaftlichen Erzeugnissen, dann von Jndustrie-Kulturen, tierischen Erzeugnissen, verschiedenen Getränken,

---

[228]) DAR. P. O. № 3332, 6-VIII-1888.

[229]) DAR. Kapetn. № 855, 21-III-1894.

[230]) Cf. Протоколи од фондот P. O. (1870—1880 и натаму) и во фондот Kapetanija (1870—1887 и натаму).

Südfrüchten, Erzen, Teppichen und so weiter. Die Zahl dieser Einfuhrartikel von der Türkei zeigte ein ständige Ansteigen. Auch der Wert der von der Türkei eingeführten Waren zeigte ebenso ein beständiges Auwachsen. So betrug dieser z. B. im Jahre 1853, 533. 815 Gulden u. im Jahre 1900. 10.986.906.

Die meisten Waren wurden von der europäischen Türkei eingeführt, u. dann von der asiatischen. Vom europäischen Teil wurden die meisten Waren über Saloniki u. Konstantinopel u. andere Häfen eingeführt, vom asiatischen Teil über Smirna.

Ein ausdrückvolles Streben Rijekas meldete sich in Verbindung mit dem Placement der Rijeka-Jndustrie und anderer Erzeugnisse in der Türkei. Sie waren verschieden sowohl in der Qualität wie auch in der Quantität. Jn erster Linie kommen hier Holz und verschiedene Holzerzeugnisse, Papier, Eisenwaren u. verschiedene Maschinen, Kriegsmaterial, Chemische Erzeugnisse, Glas u. Glaswaren. Mehl u. Mehlprodukte, Petroleum u. viele andere in Betracht. Die Zahl der Art dieser Artikel vergrössert sich stufenweise, so bemerken wir im Jahre 1897 die Zahl: 97. Ebenso bemerken wir ein Ansteigen des Wertes der von Rijeka nach der Türkei ausgeführten Waren. So beträgt dieser im Jahre 1853: 62.748 Gulden u. im Jahre 1900:4.603.303. Die ausgeführten Waren waren meistens in die europäische Türkei versandt, aber auch in die Asiatische, während von den türkischen Zentren die meisten Waren nach Saloniki, Konstantinopel und Smirna ausgeführt wurden.

Jn der Ein und Ausfuhrbilanz von Rijeka nach der Türkei bemerken wir ein ungleichmässiges Variieren. So stellen wir fest, zum Beispiel dass für 1853—1862 der Wert der Einfuhr grösser ist als der der Ausfuhr und zwar die betrug Einfuhr 4.899.647 Gulden gegenüber der Ausfuhr von 1.112.766. Jn den mächsten Dezenien bemerken wir, dass nur von 1883—1892 der Wert der Ausfuhr grösser war als der des Einfuhr, während wieder in den übrigen Dezenien der Wert der Einfuhr immer grösser ist als des der Ausfuhr. Das heisst, dass in den einzelnem Jahren Rijeka passive Handelsbilanz mit der Türkei hatte. Dasselbe kann man auf die gesammte Bilanz des Wertes von Ein u. Ausfuhr von 1853—1900 schliessen welche zeigt, dass die Einfuhr um 1,67°%grösser war als die Ausfuhr.

Jn der Entwicklung der Rijeka-türkischen Handelsbeziehungen meldete sich das Bestreben auch den Transitverkehr zu ermöglichen,

Der Transit zwischen Rijeka und der Türkei entwickelte sich in einigen Richtungen. Die Handelsbewegung am Fest land wickelte sich auf dem Transitweg über Serbien ab. Ausserder Waren von Rijeka, die für die Ausfuhr in Richtung Persien und anderer Länder bestimmt waren, gingen den Transitweg über die Türkei und andereseits Waren von der Türkei, die für irgendem mitteleuropäisches Land bestimmt waren gingen den Transitweg über Rijeka. Ebenso bemerken wir in manchen Momenten in diesem Transit im Uberwerfen von Waren von anderen Ländern bestimmt für die Türkei auch über den Seeweg.

Wichtigen Platz in den Handelsbeziehungen zwischen Rijeka und der Türkei nimmt auch ihre gegenseitige Schiffahrt ein,

Jhre Schiffahrt war von verschiedenen Vorschriften und Einrichtungen reguliert. Ausserdem meldete sich besonders in Rijeka die Tendenz zur Verbreitung der Schiffahrt mit der Türkei. So meldete sich unter den Rijeka

er Kauf-und Seeleuten lebendiges Jnteresse für Fragen verbunden mit der freien Schiffahrt durch die Dardanellen, um das Verringern, der Taxen u. anderes.

Die Frage der Verbreiterung der Schiffahrt von Rijeka mit der Türkei wird immer haüftiger gestellt. Jnzwischen stört die monopole Lage des österreichischen Lloyd auch auf den Linien mit der Türkei einigermassen. Darum insistiert auch Rijeka mehr Jniziative in der Verbreiterung der Schiffahrt mit der Türkei zu bekommen. Dieses Frage war 1878 mit dem Abkommen dès Lloyds mit der ungarischen Regierung ziemlich geregelt und besonders nach 1882, als in Rijeka Schiffahrtsgesellschaften gegründet waren, die das Monopol des Lloyds zurückdrängten. Dieses gab die Möglichkeit, dass Rijeka in siener Schiffahrt mit der Türkei von einigen Linien erfasst wurde. Auf diesen Linien wickelte sich bedeutende Verkehr ab. Das Tempo dieses Verkehrs war im Laufe des zweiten Hälfte des XIX. Jahrhunderts nicht immer gleich. So war gewöhnlich ein Verringern des Ein-und Ausfahrens der türkischen Schiffe im Rijekaer Hafen und ein Vergrössern unter anderen Fahnen u. das von u. für die Türkei. Erst von 1869 bemerken wir Einfaren von türkischen Dampfern, aber trotzdem herrschten in der Schiffahrt die Segel schiffe vor. Jn dieser Bewegung war das Mass im Ein-und Ausfahre der Schiffe von u. nach dem europäischen und asiatischen Teil der Türkei einigermassen annähernd.

Jn der Rijeka-türkischen Schiffahrt waren auch einige Eigenheiten juristischer Natur aktuell. Ausserdem ist es nötig den immer mehr hervortretenden kroatisch-nationalen Karakter derselben, hervorzuheben besonders in Verbindung mit den Titeln der Schiffe und anderes. Davon kann man den Schluss ableiten, dass aush das einheimische Element in Rijeka eine sehr wichtige Rolle spielte.

Mit der Schiffahrt vergrösserte sich noch mehr die Wichtigkeit der Rijeka-türkischen Handelsbeziehungen. Das kennzeichnet, dass in der grossen wirtschaftlichen Entwicklung Rijekas in der zweiten Hälfte des XIX. Jahrhunderts auch die Handelsbeziehungen mit der Türkei einen wichtigen und ausserordentlich bedeutender Platz innehatten.